**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Педесет и петтата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 март 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Љупчо Мешков, Орданчо Тасев, Љибчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Марјан Ѓорчев, Љубисав Иванов-Ѕиинго, Зоран Шапуриќ, Али Ахмети и Тито Петковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со 16-та точка од дневниот ред:

**Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за модернизација на образованието, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре за финансии,

Како што кажа и самиот претседател на Собранието, без право на одлучување нормално, денес на дневен ред го имаме Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договор за заем за Проектот за модернизација на образованието. За оние колеги кои не успеале да го разлгедаат законот би сакала само накратко да кажам во неколку црти да го образложам овој закон.

Меѓународната банка на 16 декември 2003 година на Република Македонија и одобри заем во износ од пет милиони американски долари за реализација на проектот за модернизација на образованието и воедно Владата на Кралството Холандија ќе и одобри на Република Македонија грант во износ од 10 милиони евра како поддршка за финансирањето на Проектот за модернизација на образованието. Учеството на Владата во Проектот изнесува 2,9 милиони американски долари за целокупниот период на реализација на Проектот од пет години. Овој износ на Владата ќе се користи исклучиво за даноци, такси и царини со кои ќе бидат оптоварени проектните активности финансирани со заемот и грантот на овој проект.

Овој проект рековме дека е проект со име Проект за модернизација на образованието и е Проект на Светската банка. Тој претставува дел од тригодишната стратегија на Светската банка за поддршка на Република Македонија, што од друга страна претставува или ја искажува сепак нашата, да не кажам со други зборови, несериозност во желбата за побрз развој на образованието од причини што ние сами како Република Македонија немаме направено ваков проект за модернизација на образованието, туку тоа во наше име го прави Светската банка. Се согласувам дека нам ни претстои процес на децентрализација, која го опфаќа сегментот образование и Проектот за модернизација на образованието се однесува токму на овој сегмент, но се прашувам, почитувани колеги, дали ова задолжување во овој момент на Република Македонија навистина толку и е неопходно. Во сите дискусии кои се водеа за измените и дополнувањата на Законот за основно образование, во дискусиите за високото образование, во дискусиите за основање трет Државен универзитет во Тетово, вие бевте сведоци дека опозицијата постојано велеше дека образованието треба да биде на многу повисоко ниво, односно укажуваше на квалитетот на образованието кое постои во Република Македонија, со крајна цел да имаме квалитетно образовани кадри кои ќе конкурираат согласно стандардите и принципите на Европската унија, кон која сите се стремиме.

Не сакам да бидам сфатена погрешно, почитувани колеги, во однос на тоа дека сум против Проектот или овој закон, меѓутоа, морам да укажам на неколку факти, кои повторно ќе го образложат или ќе го докажат, поткрепат она што претходно го зборував за моментот за задолжување на Република Македонија со овој Проект во износ од пет милиони долари. Само да потсетам дека рокот на отплатата на овој кредит е 17 години со вклучен грејс период од пет години и соодветна каматна стапка. Значи исплатата на овој кредит ќе започне 2009 година и ќе трае наредните 17 години, а ќе биде исплаќан од Буџетот на Република Македонија.

Во однос на моментот за користење на овој заем на Република Македонија од Светската банка, во услови кога имаме, иако Министерството за финансии не се сеќавам до сега дека дало податоци, освен медиумите што дале податоци дека износот на надворениот долг на Република Македонија, според информациите кои беа пласирани во медиумите, изнесува 1 милијарда и 700 милиони долари, кога имаме 400 илјади невработени, а приоритетите на Владата согласно Програмата на Владата од 2002 до 2006 година се создавање услови за зголемување на вработувањето, во услови кога сиромаштијата е се поголема, а еден друг од приоритетите на Владата, меѓу првите два, е и борбата против сиромаштијата, кога нивото на животниот стандард во Република Македонија во секое семејство секој ден станува се полош или се намалува, кога имаме пад на индустриското производство за рекордни 40% во однос на декември 2003 година, кога Република Македонија согласно последниот извештај од Букурешт е лидер на земјите во кои постои сивата економија, кога сите институции и македонски и институциите на Европската унија се жалат за неефикасност на судскиот систем и дека тука ни треба модернизација и рекордни во судскиот систем, Владата на Република Македонија се задолжува со пет милиони долари кредит, заем за модернизација на образованието. Повторно ќе речам, не сакам да бидам погрешно сфатена, меѓутоа овие параметри бев должна да ги кажам, иако образованието знаеме дека е сегмент од општественото живеење на кој Република Македонија мора да му посвети посебно внимание. Меѓутоа, се поставува и едно друго прашање, дали Владата ова ново задолжување кое ќе го плаќаат, покрај ние, и нашите деца, до крајната исплата, а тоа е 2020 година ќе го вклопи, како што кажува Владата или како што Владата милува да каже, во политиката на рационално трошење на буџетските средства и дали овој заем е проектиран во дефицитот на централниот владин буџет во износ од

0,9% од бруто домашниот производ, односно во дефицитот на општиот владин буџет, кој не треба да надмине 1,5% од бруто домашниот производ. Ова го прашувам од причина што Владата постојано укажува дека целта на се она што го планира во Буџетот е да се постигне фискална одржливост на среден рок и стабилизирање на нивото на јавниот долг во меѓународно прифатливи рамки. Ова не е мое јас да го кажувам, иако не сум експерт по економски науки, меутоа, ова што го велам е содржано во документите на Владата во однос на макроекономската политика, а самиот проект е наведен во девизната политика и Проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 2004 година, подготвен од Владата во декември 2003 година.

Она што сакам на крајот да го кажам е дека овој Проект за модернизација на образованието како проект мора да постои и е пожелно да го има, меѓутоа, се прашувам уште еднаш, а ве прашувам и вас дали ова е погоден момент за задолжување на Република Македонија токму со овој Проект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Пратеникот Соња Лепиткова има реплика, повелете три минути.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

И на Комисијата за образование, наука и спорт, кога беше разгледуван Проектот за донесување на законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договор за заем за Проектот за модернизација на образованието навистина расправавме подолго време и беа ислушани сите мислења и аргументи од луѓе кои навистина го познаваат образованието и кои ги чувствуваат проблемите на образованието во сите сегменти, особено во сферата на основното и средното образование.

Овде морам да кажам дека образованието не е сегмент на развојот на општеството во целина, туку по многу оценки и дискусии на претходни седници, кога доаѓале вакви закони, беше искажано дека тоа е фундамент. И уште еднаш ќе кажам дека развојот на образованието е фундамент на развојот на општеството.

Од тука, сметам дека овој заем и те како е потребен и доаѓа во вистинско време кога се донесуваат клучните закони во сферата на децентрализацијата, за кои сите оценивме дека навистина се потребни и треба да претставуваат на некој начин

развој и демократизација и на начето општество, од што не треба да кажеме дека треба да биде одделено образованието.

Од друга страна, кога беше дискусијата на Комисијата, по моја оценка и по оценка на сите членови, не стана збор дали треба да се задолжи Република Македонија околу поволноста на ова задолжување, туку дали кога биле понудени 20 милиони долари кредит да биде даден од Светската банка, зошто не сме ги прифатиле тие пари. Членовите на опозицијата тогаш така дискутираа, а сега наеднаш слушаме дискусија од некои кои навистина не го познаваат образованието толку добро како луѓето во Комисијата, велат дека пет милиони долари се многу и дали доаѓаат во вистинско време.

Уште еднаш како известител на Комисијата би сакала да кажам дека ова навистина се потребни средства и доаѓаат во вистинско време и сметам дека треба од сите пратеници на Собранието овој закон да биде поддржан, а тој ќе се води и координира од луѓе од Министерството за образование, а во тој тим ќе бидат вклучени, односно во тој советодавен тим кој ќе го води Проектот ќе бидат вклучени луѓе од сите ресорни министерства кои ова ги засега, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за образование и она што е битно, ќе биде вклучен и член од Комисијата, а тоа успеавме да го издејствуваме за да може Парламентот да ги следи сите тие активности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска една минута контра реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА :

Почитувана колешке, можеби не сум член на Комисијата за образование, меѓутоа, сметам дека нема да ми го ускратите правото да дискутирам како пратеник за она што е на дневен ред денес.

Во однос на тоа што рековте дека на Комисијата се искажале определени мислења, во извештајот на Комисијата што јас го имам, ако сметамте дека ова е многу важен Проект за модернизација на образованието, а знаеме како што и самите рековте дека е фундамент, зошто тогаш толку е штур извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со оглед дека од страна на почитуваната Којзеклиска беа изнесени неколку дилеми, сакам да дадам одговор на тие дилеми, за да не останат работите нејасни во Собранието, па и во јавноста.

Прво, не треба да имаме никаков страв за овој кредит, затоа што кредитот воопшто не е обемен, тој е само пет милиони долари, неговите приходи се проектирани во Буџетот и во макроекономската политика на оваа држава и неговите расходи се исто така проектирани во исплатите кои согласно Договорот за заем ќе бидат утврдени така како што вие ги кажавте, во тој број на години и полугодишни рати.

Беше поставена дилемата зошто Владата морала да земе проект за модернизација на образованието на Светска банка. Веднаш да ја отстранам таа дилема, Проектот за модернизација на образованието е  проект на Владата на Република Македонија, а не на Светска банка и тука само се користат кредитни линии од Светската бана во оној дел во кој Буџетот не ги финансира, а мислам дека особено е поволно тоа што во расправата на комисиите беше истакнато дека на овој кредит од пет милиони долари уште двојно средства, околу 10 милиони долари се добиваат како донација за образованието, што сметавме дека е можност што не треба да се испушти. Ако пресметаме колку отплаќаме од кредитот, заедно со ниската камата и вклучително со грантот кој е бесплатен, практично имаме исклучително поволен кредит.

Беше истакната дилемата зошто ќе ги задолжиме идните генерации и дека тој ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија како товар, тоа би била добра дилема само доколку образованието кај нас не се финансира буџетски. Меѓутоа, со оглед дека во Република Македонија и вкупното образование со одредени исклучоци на приватни институции се финансира од Буџетот на Република Македонија, така што воопшто не е спорно  дека отплатите од кредитот за образование  ќе одат пак од Буџетот, тоа практично ништо не менува, ние повторно го кредитираме односно го финансираме образованието од чисто буџетски средства.

Сакам да кажам уште неколку дилеми кои беа покренати,  кои гледам и во Комисијата за финансирање и буџет беа покренати и остануваат како нејасни во Република Македонија, во врска со тоа дали ова ново задолжување е издржливо, дали е ова проектирано, колкав е надворешниот долг на Република Македонија,

дали тоа можеме да го издржиме и тн., сакам да дадам неколку кратки и прецизни одговори.

Задолжувањето е проектирано, издржливоста за отплата на овој кредит и во рамките на вкупните задолжувања кои ги има Република Македонија се проектирани и се и те како издржливи, Република Македонија може и понатаму многу добро да ги финансира своите надворешни обврски.

На прашањето колкава е задолженоста на Република Македонија, во овој момент тоа можеби не е тема на расправа, меѓутоа, со оглед дека беше покренато сакам да го соопштам следниот податок. Република Македонија во овој момент, со оглед дека секој месец се менува сеуште, тоа не може никогаш да биде точно, има надворешен долг од нешто над милијарда и 700 милиони долари и тоа само на прв поглед може да звучи и да излгеда дека нашиот долг вртоглаво расте нагоре, затоа што споредено со 2002 година вкупниот долг бил милијарда 578 милиони долари, 2001 година милијарда и 480 милиони долари и ако се враќаме наназад, ќе имаме податоци кои се интересни, меѓутоа кои воопшто ништо не ни кажуваат само заради еден податок: на пример, во 2003 година доларот во однос на еврото има голема депресијација, па ако сте имале ситуација во која на 1 јануари 2003 година имате милијарда долари, милијарда евра долг, без ништо да направите, а го пресметувате во долари заради меѓународна стандардизација, без ништо да правите тие милијарда евра станале милијарда и 150 милиони, па дури и милијарда и 200 милиони долари само заради паѓање на курсот на доларот во однос на еврото.

Со оглед на тоа дека кај нас голем дел од кредитите се и во други валути, особео оние кои не депресираат како доаларот, еврото, нашата трговска размена е дветретини во евра, сосема е јасно дека секое натамошно паѓање на доларот, кај нас вештачки, а тоа во цел свет се случува, пресметано во долари може да звучи како оди нагоре. Меѓутоа, тоа што е најбитно е колку државата може да го финансира сопствениот долг, односно колку двои од сопствениот бруто домашен производ (БДП) за да го финансира надворешнито долг. Тука податоците се поволни и не треба да има никакво стравување.

Само за информација на пример 2001 година тој долг бил 43% од БДП, во 2002 година 42%, во 2003 година 38,2% и проекцијата за 2004 година е 36,3%. Значи јасно е дека во последниве 2-3 години имаме постојано, вклучувајќи ја и оваа година намалување на надворешниот долг кој зенитот го достигнал некаде во 2001 година. Што значи дека од тој агол гледано ние издвојуваме се помалку пари од нашиот БДП

за надворешниот долг и не треба да има никаков стравување дека Владата на Република Македонија  и текако добро ќе ги сервисира овие долгови.

Во однос на потребата за кредитот, иако тоа не е надлежност на моето министерство, во соработка со Минситерството за образование и наука, надлежно за повлеквување и користење на средствата, можам да кажам дека се тоа намени што и текако требаат на Министерството за образование и наука и тие 15 милиони од кои 5 се кредит, а 10 се гранд или подарок, се и текако добри.

Меѓутоа, сакам да укажам уште само на една работа, кога веќе тоа прашање се покрена.

Во Република Македонија , ниту во овој момент, ниту во идните десетина години главниот товар на задолженоста нема да биде задолженоста кон странство, од што најчесто се плашиме и во Парламентот најчесто има дискусии колку расте нашиот долг и т.н. Само да направиме една компарација што ќе се случи со јавното задолжување на Република Македонија некаде во наредните 8 до 10 години?

Во наредните 8 до 10 години ние нема да излеземе од зоната на, по сегашни вредности на Буџетот и на денарот, сервисираме јавен долг од околу 10 милијарди денари годишно. Ги сервисираме како држава и не претставува преголем проблем за да не можеме тоа да го направиме. Меѓутоа, во тие , самооколу 35% се надворешен долг, што го сервисираме. Останатите 6,5-7 милијарди во идните 9-10 години ќе останат внатрешен долг што ќе претставува релативно потежок товар за финансирање од страна на Република Македонија , отколку надворешниот долг. А, тој внатрешен долг се креира од домашните обврзници. Да речеме обврзници од заробени девизи, обврзници од првата, втората и оваа година на крајто ќе има трета и четврта емисија на обврзници од денационализација и некои други помали обвфзници што се во врска со приватизацијата на Стопанска банка и други. Сите тие обврзници и текако треба повеќе да не загрижуваат во врска со задолженоста, отколку надворешниот.

Затоа, во овој случај препорачувам на пратениците, ако дискутирате за кредитот, многу повеќе да се фокусирате на образовните проблеми однсоно потреби за овојкредит, отколку од товарот на долгот на овој кредит, затоа што , како што кажав, тој е проектиран, долгот го намалуваме секоја година се помалку ќе биде надворешниот долг и од тој агол не треба д аима никаква грижа за да го земеме овој кредит.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Грковска, вие имавте реплика, повелете имате три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Само кратко, госпоѓо Којзеклиска, проектот за модернизација на образованието не се однесува токму и само на сегментот на децентрализацијата туку и на квалитетот на образованието, а сите оние кои се поупатени, кои ги следат тековите во образованието и пошироко економските текови знаат дека квалитетното образование е еден од најважните фактори за намалување на невработеноста. Така што тој сегмент што госпомнавте околу бројката на вработените , доколку сакаме да го намалиме, еден од условите е и квлаитетно образование. Од тој аспект сметам дека во секој момент, со оглед и на условите во кои што се наоѓа образованието и моменталите услови во Република Македонија , во секој момент нам ни е потребна инвестиција во образованието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана колешке грковска, во самото образложение на проектот постои дека овој проект за модернизација ги има следниве компоненти:

a) унапредување на квалитетот и учеството во образованеито,

b) градење на капацитети за децентрализирано образование и

v) управување со проектот, мониторинг и евалуацијата.

Токму тоа што вие го кажавте јас го спомнав во моето излагање, дека секогаш опозицијата укажуваше на квалитетно образование. Се надевам дека овој проект ќе го постигне ефектот што се бара од него.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Анастасовски имате реплика, три минути.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Би сакал на колешката Којзеклиска, на кратко д аи реплицирам во некои нејзини ставови, посебно на крајто на нејзиното излагање. Сосема е коректно да има свое видување по однос на овој законски проект за модернизација на образованието и во еден момент таа се изјаснува позитивно за него, а во еден момент го критикува.

Така што јас само ќе и кажам, тоа што на крајто го напомна дали е сега моментот да се земе овој заем за модернизација на образованието, па бидјеки сум од образованието имав таква можност да мојата докторска теза беше спроведена во 300 училишта, што централини, што подрачни на ниво на Република Македонија . Така да ги имам сите тие податоци што не е сега време овде да ги образложувам. Дали госпоѓата Којзеклиска знае во какви услови работат дел од подрачните училишта во Република Македонија ? Посебно ќе кажам подрачните училишта. Работат во услови на ниво од пред 50 години. Така што и самит енаставнипрограми во оснвоните и средните училишта се од еден таков систем. Затоа, моментот е и времето е за земање на овој заем и да направименешто, бидјеки вие спомнавте да го унапредиме образованието во Република Македонија . Впрочем вие пред малку ја кажавте компонентата а) што е дадена во образложението на овој Предлог закон за унапредување на квалитетот и учеството во образованието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате право на една минута контра реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛСИКА:

Јас уште еднаш ќе кажам, јас не го критукував проектот. А, колегите ако не ме разбрале, тоа е нивно право. Меѓутоа, јас не го критикувам проектот за модернизација на образованието, туку само укажував на основните параметри шо ги спомна и минситерот за финансии во однос на задолжувањето. А проектот, како проект за модернизација на образованието треба да постои. Јас јавно ќе кажам дека ќе гласам за тој проект.

Меѓутоа оваа дилема што ја постави колегата Анастасовски укажува токму на проектот дали со овој проект за модернизација на образованието ќе може да се постигне тоа што го велеше самиот колега, значи квалитетот на наставата и условите на подрачните училишта во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има г-динот Коста Пешовски, а нека се пдоготви г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

Повелете г-дине Прешовски.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван минситре, колеги пратеници,

Се наоѓме во фаза на имплементација на една нова стратегија за развој и модернизација н аобразованието во Република Македонија во периодот од 2001 до 2010 година. За таа цел Министерството за образование и наука во 2001 година започна да спроведува една подготовка на проект за модернизација на образованието. Подготовката на проектот беш овозможена од Светската банка преку доделување на Јапонски гранд во висина од околу 400 илјади долари. Целта на овој гранд беш подготовка на документот за концептот на проектот за модернизација. Истовремено, во таа година беше формирана и проектна Координативна единица во рамкит ена Министерството за образование и наука и Прирачникот за грандот за училишта што е готов и го имаме добиено во скратена верзија.

Овој Предлог - закон, Владата на Република Македонија го утврди на седницата одржана на 15 јануари оваа година и денеска е пред нас на расправа и усвојување. А, пред тоа, на 16 декември 2003 година Меѓународната банка за обнова и развој одобри на Република Македонија заем во износ од 5 милиони американски долари за реализација на проектот за модернизација на проектот.

Како подршка во финансирањето на проектот, Владата на Кртаслтвото Холандија на Република Македонија ќе додели грант во износ од 10 милиони евра.

По текстот на предложениот Предлог на закон, што се состои од 7 членови, немам забелешки.

Така, со членот 1 се регулира задолжувањето на Република Македонија кај Меѓународната банка.

Со членот 2 е даден начинот иусловите на користење на заем.

Со членот 3 се регулира рокот на отплата.

Со членот 4 се регулира обврската на нашата држава како заемобарател.

Со членот 5 се дефинира дека корисник на заемот ќе биде Министерството за образование и наука.

Со членот 6, дека заемот ќе се отплатува од Буџетот на Република Македонија , бидјеки должник на овој заем е Република Македонија .

Значи, станува збор за задолжување на нашата држава со заем под поволни услови, ниска камата и гранд, а сознанието дека овие средства ќе се искористат во сферата на образованието, кај мене нема дилема, овој закон ќе го пдоржам и прифатам.

Исто така се согласувам со прелдогот Министерството за образование и наука секоја година во рамките на буџетските проекции, да предвидува средства за отплата на земот и трошоци пооднос на истиот. Значи, освен средствата за отплата на заемот, треба да се обезбедат средства во висина од 2,9 милиони долари од Буџетот на Република Македонија . Значи, дел од Буџетот наменет за Министерството за образование и наука, што ќе се користи за плаќање на даноци, такси и царини, со што се оптоварени активностите финансирани со средствата од заемот и грантот на вооj проект.

Во моето излагање ќе се задржам посебно на целата што се постигнува со донесувањето на овој закон. Детален опис на целите што ќе се постигант и начинот на торошењето на средстват аод заемот и грантот се дадени во документот Проект за модернизација на образованието, што ние го разгледувавме на една од седницит ена Комисиајта за образование и Оперативнитоприрачник за проектот. Проектот ќе се реализира и импелментира во период од 5 години. Така, средствата ќе се реализираат за: унапредувањето на квалитетот на образованието преку обука на персоналот, за опрема и материјали за подршка на ефикасноста на образованието, за мали инфра структурни интервенции поврзани со постигнувањето на образованите цели.

Или, попрецизно, ако се погледаат трошоците по компоненти во проектот:

-за унапредување на квалитетот и учеството во образованието што опфаќа развој и планирање на училиштето, грантови за развој на училиштето, оценвуање во образованието, обука на наставниците, се планирани 83% од вкупните средства;

- за градење капацитети за децентрализирано образование 10%;

-за менаџмент на проектот и мониторинг на истиот и евалуација, 7%.

Детален опис за ова е дадено во Оперативниот прирачник на проектот.

Сите оснвони  и средниучи лишта ќе можат да аплицираат за грант чија големина ќе биде од 12 илјади  до 15 илјади американски долари. Земајки предвид дека Македонија формулира стратегија за модернизација на нејзинито образовен

систем,овие грантови можат да се сметаат за важна компонента на оваа образован стратегија.

Бидејки Македонија е во фаза на децентрализација на образованието, многу е значајно да се изградат и зајакнат капацитети на локално и училишно ниво за ефикасно да обезбедуваат образовани услуги.  Да се тестираат и утврдат форми на мотивација за подобрување на училишната ефективност. Владините капацитети да функционираат за да се осигура дека средствата се трошат по специфични категиории што се клучни за одржување, унапредување на квалитетот и ефикасноста на образованието.

Сепак, наш заеднички инператив и цели на проектот се: подобрување на посетеноста на училиштата, завршување на училиштето и намалување на разликите според полот и етничката припадност.

Со овие училишни грантови, воглавном ќе се задоволат крiричните потреби на училиштата како што се обука на наставнито кадар, недостиг на опрема, проблеми со капитални поправки и т.н. Училишните грантови се добри средства што, ако се користат согласно одредбите и критериумите дадени во Прирачникот за грантови ќе може да ги разрешат критичните прашања за училишната ефективност што се познати на училиштата и локалната заедница.

Како резултат на користење на училишни грантови значително да се подобри менаџментот на училиштата и значително ќе се подобри образовниот процес. Нашата држава ја гледам во иднина како модерна европска држава, а за таа цел мора училишниот образовен систем да се модернизира. Токму овој проект ќе овозможи системот да одговори на потребите на локалните заедници, како и на земјата во целина.

Истовремено, ќе се засили и капацитетот на Министерството за образование и наука во насока на донесување квалитетни и добри одлуки на ситемот, со што ќе зајакне управувањето и менаџментот на училишно ниво и ќе се рационализираат средствата за повторно да ги подржат наставата и учењето.

Од тие причини ќе го подржам овојзакон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Прешовски.

Збор има пратеникто Ѓорѓи Оровчанец, а нека се подготви пратеникот Славица Грковска.

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, господине минситре, колеги пратеници,

Денеска имаме закон околу кој во расправата во јавноста и во Комисијата не дојдовме до целосно решение. Меѓутоа, јас најмалку ќе зборувам за тоа што е финансиско оптоварување на кредитот и поволностите под кои е тој земен. Јас повеќе би сакал да се осврнам на околностите под кои доаѓа до земање на овкј кредит и висината на овој кредит.

Можам да сватам, од сето она што како информација успеав да го приберам и да го добијам за овој кредит, дека практично донацијата на Холандкста Влада од 10 милиони долари, што треба да биде донација во системот на образованието, на некој начин е пворзана и условена со два други паралелни механизми. Едниот е средства од Буџетот на Република Македонија , што е и нормално и второ е земање на кредит од Светската банка.

Во разговорите со Светската банка околу овој кредит, успеав да сфатам дека Светската банка инсистирлала и барала кредитот да бид епоголем, односно да биде 10 милиони долари. Нашата Влада, тука може да ме корегира минситерот дали е точно или не, барала да биде многу понизок, односно да биде меѓу 2 - 3 милиони долари. Меѓутоа, Светската банка не давала да биде под тоа ниво.

Значи, со самиот овој факт веќе влегуваме во тоа што како размислвување ни се натура дали имаме конзистентност на проектот за да дефинираме колку пари за него ни требаат? И, кои цели дефинитивно треба да ги постигне и да ги реализира? Доколку целите бидат јасни, механизмите прецизни и доколку на крајтоод сето тоа имаме некој кроз бенефит изразен преку погоелма опфатеност на населението со образование, постигнвување на посвисоки квалитети во доменот на знаењето, тогаш да платиме и повискоа цена. Меѓутоа, резултатите ког аќе ги добиеме на крајтокако производ ќе понудат нешто многу пвоеќе од тоа што ќе го платиме. Јас лично сум и да се задолжиме пвоеќе, меѓутоа да имаме конзистентен проект. Овде имаме неконзистентен проект. Овде, практично имаме една ситуација на пополнување на дупки, крпење на она што фали,каде фали. Не можете да видите овде проект. Јас не можам да согледам. Грантови на училишта по 10 иљади долари да поправат

покриви или 12 илјади долари, ништо во квалитетот на образованието нема да се направи.

Еве, кога разговараме за овој закон, немаме претставник од Министерството за образование. Овој закон е практично само за кредитот, а кредитот го носиме за да го постигнеме другото ниво на образование, а немаме луѓе од образование кои треба да ни образложат зошто тие пари треба да ги потрошиме.

Понатаму има контрадикторност, министерот тврди дека има пари во буџетот, кога баравме во расправата по Буџетот средства за обнова и развој на школите, тогаш во буџетот немаше ставка, немаше ни пари. Дали не е добро во овие услови, за вакви работи, какви што се овие крпење на одредени сфери во образованието, Владата да заземе поагресивен став во однос на барање на донации, да нема задолжување, да направиме задолжување, но да направиме еден конзистентен проект кој на крај ќе резултира со реален квалитет. Овде гледаме дека средствата ќе отидат во децентрализација, мора да се потрошат средства во децентрализацијата, тоа е еден од условите за подобрување на квалитетот, меѓутоа, најмногу пари ќе отидат од тие 10 милиони грант меѓу 35 и 50% на плаќање на експертските услови на странските експерти кои треба да го водат и евалуираат овој проект.

Ми се чини дека на крај парите ќе ги потрошиме, а резултатите кои треба да ги добиеме нема да бидат рамни на она што ќе биде изложено како материјална подлога.

Од овие причини, сметам дека е многу подобро да се направи целосен проект за образование, имаме илјада примери во светот како и на кој начин се прави. Последниот пример е делегацијата од Република Словенија, собраниска од Комисијата за образование која покажа како во еден краток период во Република Словенија се направени 300 нови школи со нови стандарди, со нови технологии и во тој систем е вклопено целото ново образование и како краен резултат на тоа се добива квалитетно образование и луѓе кои ќе можат со своето образование и да се носат и да се мерат со стандардите што ги има Европската заедница.

Министерството за образование треба да направи таков проект. Овој проект е само крпење на она што веќе како систем на образование го имаме. Рапидно зголемување или значително зголемување на квалитетот на образованието на овој начин нема да добиеме.

Од тие причини, затоа што сум за образование, јас би понудил ова да се стави во мирување, да се направи издржан проект а Република Македонија која треба да

се задолжи и повеќе, меѓутоа, од сето тоа да имаме краен производ што ќе биде образован човек кој ќе може да се носи со новите времиња и новите интеграциони процеси. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Оровчанец.

Повелете госпоѓице Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Аристотел рекол дека образованието е орнамент на просперитетот и заштита од несреќите. Примери со кои ќе покажеме колку Аристотел бил во право можеме да најдеме секојдневно и безброј, меѓутоа, денеска не ми е намерата пошироко да елаборирам за значењето на образованието, туку сакам изјавата на Аристотел да ја употребан како поткрепа на тезата дека секоја инвестиција во образованието е исплатлива и тоа по неколку различни основи.

Законскиот проект што денеска ни се нуди овозможува под исклучително поволни услови инвестирање во две клучни компоненти во образованието и тоа унапредување на квалитетот и учеството во образованието и градење капацитети за децентрализирано образование. Од тој аспект најмалку можам да прифатам овој проект што се сведува само на крпење на покриви, тоа значи дека некој не го погледнал проектот и не се запознал со неговата комплетна содржина.

Во таа смисла ќе спомнам само неколку сегменти кои се опфатени во проектот за кој сметам дека се исклучително важни за образовниот систем, а кои се опфатениј и содржани во него.

Квалитетот во образованието е нешто за што сме говореле многу пати до сега и нешто за што се засегнати сите во државата. Тој зависи од многу фактори, некои од нив се унапредување на наставата, континуирана обука на наставниците и нивно перманентно надградување и запознавање со современите токови, модернизација на училиштатат и зголемување на нивната ефективност. Ова се сегменти кои се опфатени со проектот кој ќе се финансира и секој од нив, ќе се согласите дека е ссериозен аргумент и причина повеќе да гласаме за овој законски проект.

Се разбира, ова не се комплетните средства кои се потребни за оваа компонента и за целосниот проект конечно затоа што тоа се фактори кои бараат

континуирано финансирање и инвестирање, ниту можеме да кажеме дека инвестирањето и финансирањето на овие сегменти некогаш може да заврши, туку напротив треба и мора да биде континуирано.

Она што исто така е сериозен проблем во основното и средното образование што до сега не постоеја критериуми за финансирање. Од финансирањето на различни проекти во училиштатата се одвиваше прилично хаотично без анализа на комплетните барања и потреби во државата.

Создавањето на база податоци што ќе биде финансирано од овие средства ќе биде од исклучително значење особено во престојниот периоод на децентрализација затоа што тој процес на кој со особено внимание му приоѓаат дури и држави кои се многу и во економска смисла постабилни и појаки од нас и не смеат да си дозволат невнимателен процес на преминување на ингеренциите на образованието од централната на локалната власт.

Заради тоа е неопходнон потребен овој инфорамционен систем за стратешко финансиско планирање во образованието со што ќе се минимизираат можностите за манипулација, а ќе ги подобри усогласувањата и на тој начин ќе ја зголеми усогласеноста на реформите во образованието.

Третиот сегмент на кој би сакала да се осврнам е тоа што во деталната обработка на овој проект се обрнува особено внимание на Бирото за развој на образованието и на Државниот просветен инспекторат.

До сега имаме ситуација со законските решенија што ги имаме и со некои подзаконски акти да се преклопуваат ингеренциите на Бирото за развој на образованието и Инспекторатот, а исто така и ингеренциите кои ги имаат овие две тела, овие два органа и Бирото на развој на образованието доведуваат до конфликт на интереси што предизвикуваше и доведуваше до некаква хаотична состојба во образованието.

Мене многу ме радува што во заклучок на проектот дека треба да се поделат ингеренциите меѓу Бирото за развој и Инспекторатот, но исто така да се претструктуира Бирото за развој и да се фокусира своите таленти и ресурси, главен предизвик на нивните таленти и ресурси да се фокусира точно на реформите на наставниот план и на обука на наставниците.

Не би сакала понатаму да должам затоа што за другите детали од проектот зборуваше господинот Прешоски.

Би сакала на крај од името на пратеничката група  на СДСМ да се заблагодарам за поддршката што Светската банка ја дава на овој проект и да се заблагодарам на Владата на Холандија за грантот од 10 милиони евра и нивното разбирање за потребите што ги имаме во сферата на образованието. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и  ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе гласаме по заклучокот.

Ги молам сите пратеници кои се во Клубот, по ходниците да влезат во салата.

Ја молам посебно госпоѓа Којзеклиска да влезе, бидејќи таа се изјасни дека ќе гласа за овој предлог.

Молам слулжбите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Нема доволно присутни).

Нека влезат и пратениците од опозицијата, бидејќи следната точка е многу интересна, па да ја завршиме оваа точка.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Пак нема доволен број).

Опозицио, еден ни фали, обезбедете го. Обезбедете еден плус.

Добро, сега имаме точно 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои слединот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за модернизација на образованието.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се 61 пратеник во моментот на гласање, сега се 63, 60 гласале вкупно од кои 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

***Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за преобразба на “Електростопанство на Македонија” Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, со Предлог на Закон.***

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за економија, господинот Стевчо Јакимовски.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Почитувани пратеници, господине претседателе, пред вас се наоѓа Предлогот за донесување на закон, со кој ќе се уредат основните прашања потребни за да се реализира еден значаен сегмент од реформите во стопанството во Република Македонија, преобразбата на електроенергетскиот сектор.

Овој специјален закон ги уредува оние прашања кои не се адекватно уредени со законот за трговски друштва и другата постоечка правна регулатива.

Покрај тоа, целта на предложениот закон е да овозможи оваа преобразба да се изврши на транспарентен начин.

Значајно е да се каже и тоа дека со овој дух и слово на предложениот закон целосно ги следи релевантните определби на легислативата од Европската унија.

Законот е резултат, а воедно и инструмент на еден процес кој Владата на Република Македонија го започна во 2000 година со Одлуката за формирање на Комисијата за спроведување на преобразбата на АД "Електростопанство на Македонија" и заклучокот да се ангажира реномиран стручен советник кој ќе го води овој процес.

Во изминатиот тригодишен период, под координација на Министерството за економија, се реализираа повеќе значајни активности меѓу кои: се изврши длабинска оценка на АД "Електростопанство на Македонија", од финансиски, правен, технички и комезрцијален аспект, изготвен е модел за пазарот на електричната енергија и нова појдовна методологија за тарифен систем за електричната енергија и се изработи модел за реструктуирање на АД "Електростопанство на Македонија" и детален план за имплементација на истото.

Во текот на првите месеци од оваа година во АД "Електростопанство на Македонија" се во тек обемни подготови за имплеметнација на планот за реструктуирање, за што е еден суштински дел е донесувањето на овој закон.

Во што се состои предлогот? Електроенергетскиот сектор на Република Македонија во изминатиот период до денес изградено е како единствено интегрирано претпријатие за производство, пренос и дистрибуција на електричната енергија - "Електростопанство на Македонија". Претпријатието ја поседува целокупната инфраструктура со која се реализираат овие функции и е регистрирано како акционерско друштво со капитал кој се наоѓа целосно во државна сопственост.

Со предложеното законско решение се одредува правна рамка за измена на оваа состојба во две насоки - реструктуирање на секторот и негова приватизација.

Во рамките на реструктуирањето се определува нова структура на друштвтоо од функционален, правен и финансиски аспект.

Според моделот за реструктуирање, сегашното АД "Електростопанство на Македонија" ќе се раздвои во две нови друштва во државна сопственост.

Првото друштво, се со скратено име АД МЕПСО ќе ги опфати функциите и инфраструктурата наменети за пренос на електричната енергија и управување со електроенергестскиот ситем преку постоечекиот диспечерски центар.

Овој таканаречен преносен систем оператор ќе врши балансирање на понудата и побарувачката во секој момент, ќе ги покрива сите потреби за пренос на електричната енергија определени во трговските договори за испорака и ќе ја обезбедува потребната резерва на енергија, заедно со сите можни услуги. Овие функции МЕПСО ќе ги извршува сосема издвоено од интресите на останатите субјекти на пазарот: снабдувачите, а тоа е сега само “Електростопанство на Македонија” од една страна и потрошувачите од друга. Ова друштво по основањето ќе остане трајно во државна сопственост.

Второто друштво со скратено име АС ЕСМ ќе ги интегрира функциите и инфраструктурата на сегашното “Електростопанство на Македонија”, поврзани со производството и дистрибуција на електричната енергија. Законот ја предвидува можноста за натамошно формирање на нови друштва од ова друштво, што може да биде значајно од аспект на подоцнежно формирање на оператор на системот за дистрибуција во наредна фаза од реформите кога за тоа ќе се јави потреба.

Со предлог законот се предвидува новото друштво АС ЕСМ во целост, или дел од него, да биде предмет на приватизација од страна на стратешкиот инвеститор определен преку тендерска постапка со фаза на предквалификација.

Покрај тоа, законот предвидува можност за откуп на дел од акциите на ова друштво од страна на меѓународните финансиски институции, во износ кој нема да го наруши целосното право на одлучување на доминантниот сопственик.

Во рамките на овие определби, според предлог изготвен од советникот, Владата на Република Македонија ќе утврди модел за приватизација на “Електростопанство на Македонија”, или на одредени делови од него.

Исто така, предлогот на закон предвидува и законска можност, Владата на Република Македонија да донесе одлука да изврши пренос на определен процент акции на вработените АД “Електростопанство на Македонија”, бесплатно, или по повластена цена, со тоа што ќе се валоризира нивното досегашно ангажирање во претпријатието.

Кои се причините за ваков предлог? Во последните две децении се јавува непрекинат тренд кон либерализација и интеграција на пазарите на електричната енергија како глобален феномен кој е прифатен од земјите на Европската унија, како и од речиси сите останати држави во Европа.

Со членот 99 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, ја презеде обврската да се развива во насока на постепено

интегрирање во европските пазари на енергија, при што соработката особено ќе вклучи формирање на рамковни услови за преструктуирање на енергетските капацитети и соработка меѓу претпријатијата во овој сектор.

Овие определби се подигнати на апликативно ниво со потпишување на Атинскиот меморандум на разбирање за формирање на регионален пазар на електричната енергија во Југоисточна Европа и негова интеграција во внатрешниот пазар на електричната енергија на Европската унија во ноември 2002 и во декември 2003 година. Меморандумот има тенденција уште во текот на оваа година да помине во правно обврзувачка меѓународна повелба.

Основен регулативен документ околу кој се гради внатрешниот пазара на електричната енергија на Европската унија  и кои, ако не веднаш, тогаш во кус временски период ќе се аплицира и во нашето законодавство, е директивата број 2003/54 од Европската комисија. Истата претставува референтна рамка на моделот за реструктуирање. Со оваа директива се насочени уредбите од предложеното законско решение кои се однесуваат на независниот статус на одлучување, задачите кои треба да се извршуваат и критериумите кои ќе ги исполни преносниот систем оператор, определени со членовите 4, 5 и 8 од предложениот закон.

Приватизацијата е втора насока на преобразбата на електроенергетскиот сектор.

Директивите и законодавството на Европската унија не даваат насоки или ограничувања по ова прашање, што се должи на фактот дека во една правна држава сопственоста сама по себе нема влијание врз функционирањето на пазарите.

Од друга страна, промената на сопственичката структура е значаен елемент на реформите во енергетиката.

Еден од клучните аспекти кои треба да се има предвид е потребата новото друштво АД ЕСМ да може да се преобрази и стабилно и профитабилно да функционира во услови на отворениот конкурентен пазар на електричната енергија во регионот кој, според проектот на Европската унија ќе започне да функционира од 2006-та година. Во таа смисла се потребни пробмените кои ќе ги внесе приватната иницијатива на инвеститорот преку деловните потенцијали, изградените и докажани критерими и искуството за работа во вакви пазарни услови.

Каква е предвидената динамика?

Планираната динамика на Владата на Република Македонија за преборазба на АД “Електростопанство на Македонија” е да го имплементира реструктуирањето почнувајќи од 1 јули 2004 година. Во периодот кој ќе следи, во соработка со советникот на Владата на Република Македонија, ќе се изготви моделот и стратегијата за приватизација, ќе се изврши вреднување на капиталот и ќе се подготви потребната документација за имплементација на приватизацијата на АД “Електростопанство на Македонија” која ќе отпочне на почетокот на 2005 година, со цел да заврши до крајот на истата година.

Почитувани пратеници, имајќи го предвид сето изнесено, како и потребата да се реализираат значајни изложени активности кои се уредуваат со овој закон, предлагам Собранието на Република Македонија да го разгледа и да го усвои овој предлог на закон.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

По излагањето на министерот, мислам дека со самата изјава влезе самиот во колизија, со некои изјави на почетокот и на крајот од неговиот говор, мислам дека ќе биде добро да ги имаме стенографските белешки и врз основа на овие белешки, да можеме да ја продолжиме расправата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, барате стенографски белешки од излагањето на министерот.

Објавувам пауза од еден час.

(По паузата седницата прдолжи со работа во 12,20 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

За збор се јави пратеникот Весна Борозан, а потоа пратеникот Спиро Мавровски.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Се обраќам во име на Комисијата за Европски прашања на Собранието на Република Македонија, која на својата седница од 15.03.2004 година го разгледа Предлогот на закон за преобразба на АД “Електростопанство на Македонија” во државна сопственост и овој закон на Комисијата беше разгледуван од аспект на негова усогласеност во европското законодавство, нормално, од аспект на обврските кои што Република Македонија ги има потпишано со Европската унија и исто така од аспект на придонесот кој што овој закон го дава кон приближувањето на Република Македонија кон Европската унија.

Законот кој што е денеска пред нас се состои практично од два дела. Тој предлага преобразба на АД “Електростопанство на Македонија”, која што се состои во две фази.

Првата фаза би била издвојување на суштинскиот дел од “Електростопанство”, виталниот дел што би значело преносот, преносниот систем и управувањето и подоцна, во втора фаза остатокот од системот, во кој што е можна конкуренција, значи дејностите од “Електростопанство на Македонија”, кои што можат да трпат конкуренција, тоа се производството и снабдувањето со електрична енергија, се предлага со законот можат да се дадат на приватизацијата.

Имајќи предвид дека законот се состои во два дела, на тој начин и ќе се обратам кон овие два дела од законот.

Постојат неколку документи кои што се релевантни на овој закон, односно на предметот кој го разгледуваме, тоа се договорот за европска енергетска повелба, која што Македонија го има потпишано во 1996 година, потоа директивата на Европската унија 9692 и која што моментално е на сила и директивата од 2003 година, под реден број 54, која што во јули оваа година ќе ја замени постојната директива 9692.

Понатаму, договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нивните земји членки, како и двата меморандума, потпишани во Атина, едниот на 15 ноември 2002 година и другиот потпишан на 8 декември 2003 година и затоа се потпишани во Атина и заради тоа го нарекуваат Атински меморандум.

Атинските меморандуми се однесуваат на иницијативата за основање на регионален пазар на енергија во Југоисточна Европа и потписници на овој Меморандум, покрај земјите од Југоисточна Европа се и неколку земји припаднички на Европската унија и потписник е Европската комисија, сама за себе.

Во врска со Атинскиот меморандум, или Атинскиот процес во тек се воспоставување на основање на институциите кои што ќе треба да се грижат за регионалниот пазар, пред се мислам на регионалната регулаторна комисија за енергетика и во тек е еден многу важен процес од аспект на европското интегрирање, не само на Македонија, туку на регионот воопшто, а тоа е подготовката на еден документ, кои што треба да се потпише некаде во летото оваа година и кои што треба да внесе законски обврзувачки елементи, значи да биде обврзувачки елемент за земјите од регионот во однос на обврските кои ги преземаат со Меморандумот. Ако ваков документ биде донесен и биде потпишан од Европската комисија ќе биде прв документ од ваков тип кој што Македонија го потпишала со Европската комисија и ќе биде значаен чекор напред во приближувањето кон Европа.

Повереникот на Владата кој присуствуваше на седницата на Комисијата, ја искажа оценката дека се работи за делумно усогласување со европските принципи и барања и искажувајќи го ова, тој не искажа мислење деа предлогот не ги задоволува сите барања, туку напротив, дека предлогот се однесува само на еден елемент од барањата на Европската унија, а тоа е креирање на институционална основа за формирање на либерален пазар на енергија во земјата и во регионот. Тоа значи дека Република Македонија од аспект на усогласување на законската регулатива од енергетиката кон европските барања има сеуште елементи кои што треба да ги одработи, за да ги исполни останатите обврски од потпишаните документи.

Во поглед на реструктуирањето европските директиви строго претпочитаат минимум сметководствено, а новата директива во 2003, 54, препорачувам и законско одвојување на одделните функционални дејности од дејноста, тоа се производството, преносот и дистрибуцијата.

И еден многу важен елемент, многу важно барање од европските директиви, тоа е потребата на основање на независен оператор на преносниот систем. Во законот кој што е пред нас, скратено наречен АД МЕПСО, кој што би ги имал следниве задолженија: да го планира развојот на преносниот систем и

системот за управување, така да гарантира сигурност во снабдувањето на потрошувачите со електрична енергија, да гарантира стабилност на системот и да води сметка, односно да гарантира еден многу важен принцип, врз кои што се заснова либералниот пазар на електрична енергија, а тоа е непречен пристап на сите комерцијални субјекти. Во овој случај ќе бидат производители на електрична енергија и косирници на електрична енергија. Значи, непречен транспарентен пристап на овие комерцијални субјекти до преносната мрежа.

Функционирајќи на овој начин, операторот на преносниот систем исто така е задолжен да води сметка системот да го оперира со минимум загуби и што е исто така многу важно, од аспект на Европската унија и европската комисија да води сметка за заштита на човековата околина.

Регулаторната комисија за енергетика, која што е веќе основана за Македонија, ќе врши надзор на работата на операторот на преносниот систем за енергетика. Исто така, тука се и веќе формираните второстепена комисија за жалби од областа на енергетиката и нормално, како посебна инстанца, тоа е Врховниот суд.

Вака воспоставен систем на институции и односи и постоењето на самиот оператор на преносниот систем, претставува основна претпоставка за основање на либерален пазар на електрична енергија и исполнување на основните принципи на Европската унија за непречен промет на стоки, услуги и капитал.

Предложените принципи врз кои се врши реструктуирањето на “Електростопанство на Македонија”, во потполност ги задоволуваат барањата на европските директиви.

Ќе кажам неколку збора за договорот за стабилизација и асоцијација кој во својот член 99 ги истакнува насоките за соработка со Европската унија, врз начелата на пазарна економија и договорот за европска енергетска повелба и во насока на постепено интегрирање во европските пазари на енергија, со посебен акцент на формирање на рамковни услови за преструктуирање на енергетските капацитети и соработка меѓу претпријатијата од овој сектор. Ова беа цитати од договорот за стабилизација и асоцијација.

Уште еден важен сегмент од оваа цела проблематика треба да биде адресиран, а тоа е таканаречениот Атински процес. Имено, дека интересот и поддршката на Европа не се само декларативни за основање на регионален пазар на енергија, доказа е Атинскиот процес, кој што претставува иницијатива, како што

реков за основање на регионален пазар на енергија, предводена од Европската комисија, под политичко покровителство на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа со забележано и многу значајно учество на специјалниот координатор на Пактот за стабилност д-р Ерхат Бусек, кој што лично присуствувал на повеќето состаноци на оваа иницијатива и придонесува многу за развојот на оваа иницијатива. Исто така, и Атинскиот процес го следат голем број на донатори. Значи, не е само политичка и декларативна поддршка, туку и финансиска подршка на самиот процес. Процесот го следат меѓународните финансиски институции, како што е Европската банка за обнова и развој, Светската банка, кои што се заинтересирани за пласирање на средства за изградба на инфраструктурни објекти, кои што ќе бидат значајни за овој регионален пазар. Понатаму, други донатори, како што се Ју Еј Сеј Ди и владите на поедини земји членки на Европската унија. Пример за едно вакво вложување уште на старт на самата иницијатива за основање на регионален пазар за енергетика и неодамнешниот заем кој под многу поволни услови Република Македонија го доби за изградба на далеководот и инфраструктурно поврзување со Бугарија.

Целта на процесот за формирање на регионален пазар за енергија во Југоисточна Европа да обезбеди сигурност во снабдувањето со енергија на земјите од Југоисточна Европа, стабилност на цените на електричната енергија во регионот и да обезбеди законски услови, клима за привлекување на директни странски инвестиции во земјите од Југоисточна Европа. Имено, инвеститорите очекуваат онаму каде што ќе отидат нивните инвестиции да наидат на клима која што е слична во нивните земји. Во тој поглед регионалниот пазар за енергетика се креира да биде потполно компатабилен на внатрешниот пазар за енергија на Европа, кој што исто така е во фаза на формирање, сеуште не е доволно функционален и со јасно искажана перспектива дека регионалниот пазар на енергија ќе биде интегриран во внатрешниот пазар на Европа.

За да го истакнам значењето на овој процес не само од економски, туку и од политички аспект дозволете ми да ги истакнам зборовите кои што беа искажани во име на потпретседателот на Европската комисија за транспорт и енергија господинот Ласио во врска со Атинскиот меморандум и потпишување на Вториот Атински меморандум. А тоа е со потпишување на овој меморандум Европската комисија, Европската унија им испраќа на земјите од регионот јасен политички

сигнал дека односите со регионот ги поставува на еден нов на многу посуштествен елемент.

Остана да се разгледа вториот дел од законот кој се предлага, а тоа е приватизацијата. Овој дел од законот не беше посебно третиран на седницата на Комисијата за европски прашања, од причина што европските документи не го третираат прашањето на сопственост енергетските инфраструктури. Но европските документи од друга страна ја искажуваат потполната комерцијализација на претпријатијата во енергетскиот сектор.

Притоа, дозволете да ја кажам енергетската пракса, која што нашла дека приватизацијата е најдобар начин за преод кон комерцијални претпријатија во оваа област, а процесот на приватизацијата на претпријатијата од енергетиката во Европа започнал во 1990 година во Англија и Велс, после тоа следеле примерите на приватизација во Норвешка и Шпанија, за да денеска во Европа, речиси, нема земја, односно единствено Франција и Грција досега ги задржале државната сопственост на претпријатијата и досега не искажале намера да ги приватизираат своите енергетски претпријатија.

Она што е важно од аспект на законот кој што се предлага е дека законот истакнува определба дека преносниот систем, преносната енергетска мрежа нема да се приватизира и притоа придонесува во следење на европската пракса. Значи во Европа е присутен приматот дека преносот останува во државна сопственост и на тој начин може да се створаат побезбедносни услови, сигурност, стабилност во одржувањето на дејноста, како и државата да може да влијае во процесот на планирањето, проширување и учврстување на мрежата. Спротивно на овој присутен принцип во Европа го имаме принципот кој се јавува во Америка, преносните мрежи да бидат во приватна сопственост и како резултат на тоа во Америка се јавуваат досега два примера на распаѓање на системот, во Калифорнија и на источниот брег.

Почитувани,

Македонија мора да биде на рамноправен дел од регионот и од Европа. Во тој правец охрабрувачки е фактот што Владата ја согледува потребата од фаќање на чекор со промените и енергетското поврзување. Нека атомскиот процес и енергетското поврзување биде модел на вкупна интеграција во регионот и Европската унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Борозан.

Повелете господине Мавровски, а нека се подготви пратеникот Драго Шајноски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Почитуван министер, почитувани советници, почитувани пратеници,

Еве слушнавме од излагањето на колешката Борозан многу убаво за атинските меморандуми, за она што треба да следи и она што значи Европа, но гледајќи што имаме пред нас мислам дека сме многу далеку и од Европа, а уште подалеку и од нашите соседи. Зошто го говорам тоа?

Пред нас господа имаме еден закон кој што според она што го побаравме министерот даде образложение е еден закон од 10 члена, на две страници, во кој што со член 7 Електростопанство треба да се продаде. Сега слушам тука некои предавања, некои ветувања, некои убедувања, а имав можност да прочитам како говореше сегашната позиција тогашна опозиција како треба да се брани овој закон, како има два месеци до избори. Јас на седницата во пекото побарав оваа точка од дневен ред да биде повлечена, затоа што господа ние сме веќе во предизборни активности и имаме уште не цели 20 дена до избор на претседател на држава, а предлагач на овој закон е Владата на Република Македонија и нејзиниот претседател, кој што воедно е и кандидат за претседател. Како сето ова ќе се свати, дали ветувањето во оваа година Република Македонија ќе ги почне инвестиционите активности со тоа што Електростопанство ќе биде продадено, дали тоа ќе значи подигнување на огромен број на кредити, кој што кредити, кои што веќе ги земавме во вредност од 53 милиони, ги имаме првите три лопати фрлени на објектот - Хидроцентралата Света Петка значат уште 45 милиони задолжување или кредит за Електростопанство, па уште 45 милиони од Европската банка за обнова и развој. Колку тоа значи во она што Електростопанство после тоа ќе биде силно, колку ќе може да продаде и колку од сето тоа ќе остане.

Јас очекував дека денес ќе говориме за нешто друго, дека овој закон ќе биде повлечен, министерот кој не присуствуваше, тогаш бевме известени, оправдано на седницата на комисијата, мислам дека можевме да се разбереме многу подобро со министерот и да го повлече овој закон затоа што во основа, прво како наслов “преобразба”, едноставно не гледам никаква преобразба, ниту преобразување, што значи гледам едно подметнување. Подметнувањето е многу

едноставно, политички подметнато, за економски едноставно Македонија да заврши, а тоа е во членот 2 каде што кажува “преобразба и реструктуирање и приватизација”.

Она што го побарав пред малку, тоа беше говорот на министерот, токму за тој дел, затоа што изгледа својствено е за СДСМ да кажува дека се е спремно, дека се направени сите договори, се е готово, ќе има вработувања, ќе има се што ви ветивме и на крајот ќе треба да формираме некој експертски тим кој што ќе работи, гледам уште работи 18 месеци па стигнавме до 400 илјади невработени. И сега во говорот на министерот го гледам истото. Ние велиме дека сме спремни за приватизација ама после јули месец, Владата со експертскиот тим повторно ќе каже колкава е проценката, каква е проценката. Значи од 2000 година, сега сме 2004 година ние не стигнавме да излеземе пред македонската јавност со конкретни бројки што колку и како вреди и сега наеднаш од тој јули месец до 2005 година, значи по година и пол Владата на СДСМ сака да го продаде Електростопанство и тоа заклучно со декември 2005 година надевајќи се дека 2006 година ќе биде изборна година. Како ќе биде, што ќе биде ќе каже народот, но во секој случај треба да се мисли и на народот.

Моето барање беше токму тоа што во овој закон од 10 члена со еден член, еден единствен член, член 7 се сака да се продаде Електростопанство. Сега вие господо кажувате дека е многу спремно, многу сте работеле, атински меморандуми, европски конвенции, хелшински договори, европски унии и не знам какви тешки зборови употребувате, а работата е многу едноставна. Со два збора треба да му се каже на народот што вие сакате да направите всушност, а не атински меморандум дека требало за тоа да биде и приватизација. Многу јасно е да биде приватизација. Треба еднаш да ги разчистиме работите. Бараме, побаруваме да видиме како работи Електростопанство, кои се сегашните параметри. Последната информација е дека поради активности за одбрана на овој закон луѓето добија отказни решенија. Ако така работите треба да им се каже на луѓето, или ова или ништо, или почнува она што го правевте во почетокот ноември - декември кога ги избркавте сите работници, зошто, како, рековте многу добро сте имале реструктуирање. Сега имате повторно реструктуирање и до кога ќе имате реструктуирање само вие знаете.

Јас би сакал малку да ја појаснам целата ситуација и би почнал со моменталната ситуација во Електростопанство.

Моментално и така во Електростопанство функционираат три независни единици - пренос, дистрибуција и производство. Со овој Предлог на закон што го

дава Владата се формираат две единици, значи мепсо, како што кажавте операторот и она што ќе остане во преносниот систем. Тоа ќе биде во државна сопственост и министерот кажува крајно ќе остане во државна сопственост. И тоа е во ред. И се добива уште едно ново Електростопанство на Македонија.

Во тоа ново Електростопанство на Македонија влегуваат дистрибуцијата и производството и тоа е предмет на оваа приватизација, на оваа продажба. Кога ќе видиме со колкави средства бидејќи тука не ги изложи министерот, а требаше да ги каже ако ги знае, мислам дека уште не ги знае, колкава е вредноста на преносот, колкава е вредноста на производството и на дистрибуцијата и тогаш ќе дојдеме до едно многу поинакво решение. Тоа е првото.

Ако гелдаме технички, од технички аспект што носи ова како што е во член 4 кажано - оператор на електропреносниот систем на Македонија АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост со скратено име АД Мепсо. Понатаму завршува реструктуирањето, што став 1 на овој член го опфаќа основањето на трговски друштва од страна на друштвата од став 1 на овој член. Што се нуди со ова и што со ова се добива?

Вие кажувате дека во преносот е вклучен и операторот. Јас ве прашувам, бидејќи операторот и колешката Борозан кажа што се случи во Америка, се случи и во Италија, се случи и на други места, значи тој распад на системот е многу опасна работа. Кај нас се нема случено и да не даде Господ да се случи, не знам за колку време ние ќе се вратиме после тоа, но господа на ваков начин, само со членот 4, јас не би сакал да ја замарам целокупната македонска јавност, но ние сме многу блиску до можниот распад на системот, затоа што нашиот систем, како што сега го води операторот работи на тој начин што ние побаруваме електрична енергија и можеме да функционираме со тоа што имаме увоз, извоз, постигнати договори, или ги немаме договорите, интервентен увоз. Сето тоа после одделбата на дистрибуција и производството веќе влегува во едни други води. Што значи тоа за операторот кој што треба да го води системот во Република Македонија. Дали вие едноставно му ја давате контролната табла и тој да гледа во моментот колку во моментот има Македонија, колкави се потребите, колку има вишок и што да направи со тие. Дали е тоа тоа? Дали операторот ќе биде тој што ќе склучува договори за увоз и за извоз на електрична енергија. Дали тој ќе го води системот енергетски во Република Македонија за да може да биде и одговорен. Во ваква ситуација апсолутно јас не гледам која е одговорноста на операторот. Ако вие имате пред вас една табла

можете само да гледате и да сигнализирате во даден момент дека може да се случи распад на системот. Со тоа вие ќе завршите. Дали тоа значи дека хидроцентралите како комплетни ќе останат во владение на операторот, затоа што добро знаете како се регулира и како ги користиме тие хидроцентрали за регулација и што значи во даден момент употребата и купувањето на таква енергија и што значи таквата енергија кога во моментот нас ни треба, колку таа е поскапа од основната енергија која што е обезбедена со склучен договор од она што значи одржување на фреквенцијата на системот. Значи и вклучувањето на хидроелектричните централи. Дали тие ќе бидат приватни, дали ќе имаме можност да преговараме и договараме со газдата на хидроцентралата или тоа треба да остане кај операторот кој што ќе може да го има владението врз хидроцентралите и да може да управува со нив. Значи, со ова ние добиваме една тотална неодговорност за една вакваа несериозна работа. Ако ова го немаме во законот што вие го нудите едноставно не можеме да говориме, ова е многу добро, многу кратко, закон за преобразба кој што може да се разгледа и да се донесе на оваа седница, за кој што денес разговараме.

Друго, министерот почна да говори нешто во однос на пресметката на имотот и која е моменталната состојба на имотот, но како што кажав СДСМ повторно ќе формира експертски тимови кои ќе утврдат, а јас би го прашал министерот дали има податоци, колкава е моменталната финансиска состојба на Електростопанство, неговата вредност вкупна, колкава е по овие единици што треба да ги добиеме макар и две да бидат, колкав е бројот на акциите од сегашната комплетна вредност која треба да ја имаат вработените. Вие кажувате во вашиот говор господине министре, што е добро кажано, Владата ќе може да има, да донесе одлука да изврши пренос на определен процент акции на вработените во АД Електростопанство. Значи, Владата ќе биде таа која ќе треба да донесе одлука, а дали ќе донесе одлука, можеби пак нема да имате време, како што се случи со Законот за ТАТ, да донесете одлука, но ќе го продадете Електростопанство и вие ќе бидете оправдани затоа што не донесовте одлука, а според законот можете да донесете.

Значи, за овие три работи едноставно немате одговор, немате ни показатели колку и што тоа значи. Што моментално како податоци за сопственоста што ја поседува Електростопанство на Македонија за да ги понуди на продажба, затоа што претпоставувам дека ќе се работи за милијарди евра или долари и оној што ќе сака да ни го купи сето тоа ќе треба да проведи дали катастарски е тоа

решено, колкав е процентот на тоа што е решено, како ќе се реши сето тоа, но се надевам дека тие одговори ќе ги понудите на граѓаните на Република Македонија.

Трето и многу важно прашања е што се случува со вработените во Електростопанство на Македонија. Минатата година кога говоревме за бркањето од работа кажавте дека нивното исклучување и Управниот одбор сите одлуки што ги донесе едноставно стоеше зад фактот дека сите исклучувања од работа се поради реструктуирање. Реструктуирање господа, а сега носите закон за реструктуирање, а оттогаш помина една година.

А нашите тука, упорни инсистирања во текот на двата дена да кажеме дека во Електростопанство не се вршат апсолутно никакви реструктуирања. Вие говоревте дека тоа е се завршено, дека повторно атинскиот меморандум и г-ѓата Борозан не убедуваше дека тоа оди многу брзо во од, така што тоа реструктуирање е направено. Сега гледаме дека не сме направиле ништо и дека сега нудиме еден закон од 10 члена за да почнеме да го вршиме реструктуирањето. Значи, или тогаш лажевте, или сега лажете, а лажевте изгледа и тогаш и сега и тука имаме проблем. Што се случува после една година? Избрканите работници добиваат судски решенија за враќање на работа. Што ќе се случи кога тој газда што вие го претпоставувате кој ќе биде да ја купува оваа куќа, ќе дојде и има повеќе од илјада судски решенија за тие работници да бидат вратени на работа, и да се исплати оштета. Можеби таа оштета, бидејќи ие плативме една таква кога во 1993 година, господинот Панде Лазаров, ги избрка од РЕК Битола вработените после штрајкот ние во 1999 година плативме повеќе од милион евра, за враќање на 6 вработени во РЕК Битола. Но, директорите сигурно дека не учествуваа во враќањето на тие пари и тоа остана така. Сега мислам дека повторно некој друг, а тоа е државата ќе треба да ги врати парите за овие луѓе што се избркани од работа, затоа што судските решенија кажуваат дека тоа е против правно и против уставно и дека решенијата ќе ги добијат.

Друго нешто што пред малку го загатнав во однос на процентот на акциите кои што вработените ќе ги добијат. Апсолутно ништо вие не кажувате дека Владата ќе донесе одлука, а носите закон за приватизација. Ако вие имате чесна намера и ако кажувате како што кажувате дека се е транспарентно, ако е ова транспарентно, незнам што не е транспарентно. Колкави се тие акции, што ќе значи тоа што вработените ќе го добијат и што ќе значи понатамошниот нивни статус во Електростопанство на Македонија. Вие си дозволивте и без никакви структурни

промени и без апсолутно ништо чепнато во Електростопанство на Македонија да избркате 1100 вработени. Дали сега кога некој ќе сака да приватизира нешто и кога ќе треба да купува, на негово барање нема да избркате уште наредни 2000, или 3000 вработени во Електростопанство. Тоа апсолутно никаде не го кажувате, апсолутно не кажувате што е гаранцијата и безбедноста на тие луѓе што моментално се во Електростопанство. Значи, оттука врз основа на она што го видовме досега, апсолутно доверба во некои вакви закони кои што не да не се транспарентни, апсолутно се тотално неквалитетни, дилетантски и на ваков начин не може да се решава судбината на Република Македонија, и граѓаните на Република Македонија, на ваков начин, она што е останато, а единственото што стои и столбот на Република Македонија и стопанството е токму ова. Затоа што видов она што вие го најавивте како инвестиционен развој и како раст, почнавте со лопатите за хидроцентралата и завршивте со 48% намалено производство за месец јануари. Дали е ова таа избрзана работа што вие треба да ја завршите пред изборите и со овие пари едноставно да работите за изборите кои што мислите дека ќе бидат во 2006 година. Тука господа треба да бидете јавни и транспарентни, а вакви работи мислам дека не треба да ги дозволувате, затоа што начинот на кој што ја почнавте целата работа во време на избори, 20 дена пред изборите и апсолутно вашата негрижа да седнеме, да разговараме да ги повлечете овие закони, да повикате луѓе кои што се разбираат од оваа работа и едноставно да ви помогнат. Вие работите така, како што мислите дека треба да сработите и да го завршите ова со 61 глас за, едноставно да протуркате нешто што не треба да се протурка.

Јас се чувствувам должен пред вас да ги изнесам барањата кои што вработените во ЕСМ ги побаруваат, затоа што треба да ја запознаеме и македонската јавност, затоа што нивните барања сметам дека се оправдани и дека треба да се проговори токму за тоа и да каже Владата дали воопшто размислува, или не размислува за овие работи. Значи, нивното предвидување, прво кажувате дека ова ќе се решава по Законот за трговски друштва, дека во членот 4, кажувате дека реструктуирањето од став 1 на овој член го опфаќа и основањето на трговски друштва од страна на друштвата од став 1 на овој член. Значи, вие откако ќе ги информирате овие две друштва, Значи тоа е МЕПСО и новото ЕСМ, вие сега доаѓате во ситуација овие да бидат расцепкани на неограничен број, или пак по истиот закон за трговски друштва да останат само тие. Сега господа би ве замолил едноставно да кажете, дали РЕК Битола ќе остане едно трговско друштво, во РЕК

Битола можат да се основаат 100 трговски друштва во секоја пооделна единица, значи тоа би било електроодржување, машинско одржување, сервис, термоцентрали, рударска припрпема и уште незнам колку такви трговски друштва на кои што вие можете со печати едноставно да им кажете дека се дел моментално од тоа ново ЕСМ и утре да станат дел од ништо, да останат самите, ако новиот газда едноставо сака да склучи со нив договор, би склучил, ако не, може да викне за наредните ремонти луѓе кои што ќе дојдат од Грција, или од Бугарија да ги направат тие ремонти. А, луѓето кои што ќе ги имаат печатите од трговското друштво кои што се сега сопственици и се чувствуваат газди на Електростопанство, ќе останат надвор од вратите на Електростсопанство. Мислам дека вакви подметнувања не е во ред. Треба транспарентност, а тука транспарентност нема. Со ова вработените едноставно гледаат дека со самата распродажба на Електростопанство ќе следи и отпуштање на голем број вработени, ќе се формираат повторно нови социјални случаи, брзо и недомаќинско трошење на јагленот како национално богатство и за скоро време ликвидација на РЕК Битола и РЕК Осломеј, затоа што едноставно вие во вашите закони тука имате само еден член. И сега мене ми е многу непријатно да говорам, дали вие некого ќе обврзете, дали тој ќе прави нови инвестиции во Република Македонија, дали ќе работи. Значи се предвидува она што и вие го знаете и го најави директорот на регулаторната Комисија кој учествуваше во тие фрлање на три лопати во Матка 2, или хидроцентралата Св.Петка и кажа дека токму поради ова електричната енергија во Република Македонија ќе мора да се зголеми. Ако е токму поради тоа, мислам дека не е во ред, ќе имаме увоз на скапа струја од странство. Еве, сега во тек е тој тендер кој што го имаше распишано Електростопанство на Македонија, понудените цени од произведувачите веќе се за 30% поскапи отколку минатата година.

Сега би запрашал нешто друго. Во 2002 година тука имаше една голема дискусија за увозот на 400 гигават саати од странство, додека тоа е чисто перење на пари, тоа е работа и договор за изведување на изборите и незнам уште што не искажавте господа пратеници тука од позицијата дека тие се кражбите, тоа е намалувањето на Електростопанство и неговата вредност. Во моментот Електростопанство на Македонија има распишано тендер за 1600 гигават саати, или од она што е увезено 2002 година по 4, или подобро во бројки таму се прават некаде 400%. Сега господа, дали тогаш беше она што не требаше да биде, дали сега производството и економијата слушаме дека многу напреднаа со инвестициониот

период дури 48% се намали производството и ние треба да увеземе 4 пати повеќе електрична енергија, затоа што добиваме информации од Електростпанство на Македонија дека комбинатот работи во една тотална спремност, дека се е во ред, дека функционира невидено, дека наплатата е 100%. Но, за тоа малку потоа, ќе проговориме  и за сегашното работење на електростпнаство. Значи, очекувам да добијам информација и податок што значат овие 1600 гигават саати. Тоа знаејќи колку учествува електричната енергија во вкупната цена на сите производи во Република Македонија, сигурно е едно енормно покачување на цените најмалку за 10 до 15%, шок за домаќинствата и за целото стопанство. И во основа ќе биде скапо да се живее. Значи, врботените порачуваат дека власта треба да има на ум дека Електростопанство на Македонија иако го нарекуваат АД во државна сопственост, во голем дел им припаѓа на вработените. Тие вработени одрекувајќи се од голем дел од платите и своето здравје ја градеа фирмата и ги плаќаа кредитите. Затоа власта треба прецизно  да се изјасни по тоа прашање и да каде колку акции ќе добијат, а не да ги манипулира вработените и сите оние кои работеле во ЕСМ со неискрени и неофицијални полувистини. Со цел да не дојдеме во ситуација Македонија да биде енергетски зависна и со драстично нарушен стандард на граѓаните, апелираме до пратениците од сите партии крајно сериозно да пристапат на овој наметнат проблем, бидејќи актуелниот синдикат во Електростопанство на Македонија нема намера да ги застапува интересите на вработените. Зошто ова се говори, многу јасно беше тука кажано во текот на месец јули кога беа бркани вработените од Електростпнаство, дека се направи упад и во синдикатот на Електростопанство и тој синдикат едноставно не може да ги брани интересите на вработените и тоа го покажуваа на секаков начин. Мислам дека она што тогаш го кажаа вработените и што се обидов да ви го пренесам како забелешки стојат и денеска, затоа што нивното бркање кажувавме под  еден, дека беа структуралните промени. Такви во ЕСМ немало ниту во структурата на капиталот, ниту во структурата на организационата поставеност на ЕСМ, а кога ќе дојдеме до такви промени, тогаш ќе видиме дали и во кои делови ќе има потреба од намалување на бројот на вработените, но сега нема таква потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски, запомнете каде застанавте, а по паузата ќе продолжите.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(по паузата седницата продолжи во 14,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, јас ве почекав, Вие имате слобода и право да ја заклучите седницата за пет секунди. Јас ве почекав, во ред е, нема проблем.

Би почнал со она што беше препорака и она што го говоревме кога вработените од Електростопанство беа бркани од работа, значи тие структурални промени кои што во тој момент ги немаше во ЕСМ, ги нема и денес ниту во структурата на капиталот, ниту во структурата на организационата поставеност на Електростопанство на Македонија. А кога ќе дојдеме до такви промени, тогаш ќе видиме дали и во кои делови ќе има потреба од намалување на бројот на вработените. Но сега засега таква потреба немаше. Кажуваме за слични промени, воведување на нова технологија нема, но затоа има исплаќање на прекувремена работа секој месец континуирано, како и континуирано работење на работници од надворешни фирми на работни места систематизирани во Електростопанство на Македонија. За жал сите оние луѓе за кои што тука генералниот директор говореше посебно за правниците, дека едноставно за нив нема место во Електростопанство на Македонија. Во моментов управниот одбор на Електростопанство со одлука ангажира адвокати, професионални адвокати кои што ги исплаќа по 45 илјади денари месечно, за да ги бранат интересите на ЕСМ и од секој процес по 200 евра. А, Електростопанство кажавме дека има голем број на превработени правници. Сега правниците, или не си ја знаат работата, или пак генералниот директор нема доверба во нив. Ова што го кажуваа вработените дека ќе бидат огромни заштедите со она што ќе има намалување на надворешните извршители и со правилно распоредување на нашите работници наместо отпуштањето што се предлагаше покажа една друга ситуација, ситуацијата е таа што во првиот момент и она што се намали од бројот на надворешните извршители во моментов е зголемен.Така што и тука воопшто ЕСМ нема некоја добивка од сето тоа.

И последното што би сакале да прашаат вработените се тие што покрај редовното производство вработените во ЕСМ ги прават и завршните сметки. Затоа знаеме колку трошиме за плата, знаеме колку трошиме во делот на другите и вкупните трошоци, но знаеме и што произведуваме и колку тоа чини. Знаеме исто

така, дека свежите пари што се вртат во економијата на Македонија се повеќето пари од Електростопанство на Македонија затоа да не се дозволува демагогијата, лоша економска состојба. Ова што сака сега да се направи е чиста политичка пресметка со крајна цел профит на профитерите од ЕСМ и мал дел од Владата. Во меѓувреме и покрај тоа што се избркани 1100 вработени од Електростопанство, вработените не го почувствуваа благодетот дека токму поради тие што ќе си одат ќе има покачување на платите. Платите колку што знам останаа на истото ниво, но трошоците рапидно се зголемуваат. Тука беа спомнувани повеќе изјави од меморандуми како се одвивале сите тие работи во Европа. Јас би сакал да кажам во однос на мислењето што беше презентирано во моментот од нашиот синдикат, би го кажал искуството и препораките на светските синдикати кои што го говорат ова. 15 години чекавме да ги видиме резултатите од приватизацијата на електроенергетските системи и иститe се покажаа како крајно штетни за стопанствата, бизнисот во целина и нормално за самите држави. Ваквите тврдења произлегуваат од фактот дека приватниот сектор во електроенергетскиот бизнис го собира профитот без да вложува во развој на мрежи, технолошка надградба на производните капацитети за поефикасно и попродуктивно производство и квалитетна енергија. Значи, ова е размислување на светскиот синдикат кој што се занимава со електроенергија и нивните искуства доведуваат до тоа да и ова што го кажаа кога ќе ги видиме ситуациите кај нашите соседи во нивните стопанства како тие функционираат, мислам дека голем дел од тоа треба да го задржиме и да знаеме за што се работи. Значи, генерално размислување е, бидејќи тука во овој закон едноставно не се дефинира апсолутно ништо и тоа не го кажа ни министерот, генералното размислување е колку штета би се направило во нашето стопанство со самото продавање на Електростопанство на Македонија. Конкретноста се состои во она што сите го гледаме, генерален удар врз вработеноста, нискиот стандард на граѓаните, скап приватен киловат час, и сето ова би предизвикало еден голем социјален удар, затоа што не се работи само за цената на електричната енергија, затоа што индиректните зголемувања на цените на сите производи во кои што струјата учествува со 5 до 15%, па сега само можеме да пресметаме колкав ќе биде вкупниот процент на поскапувањата. Значи, проблемот ќе се прекрши повторно на сите граѓани на Република Македонија кои ќе плаќаат поскапа струја, поскап леб, облека, детергенти, а повраток од таа ситуација за жал повеќе нема да има.

Би сакал да ги запознаам пратениците со дел од искуствата на нашите соседи, или сличните електроенергетски стопанства. Тука кажуваме дека се е приватизирано, дека во цела Европа е приватизирано. Но, за жал, госпоѓата Борозан кажа само две, или три држави во кои што тоа е направено, затоа што другите едноставно не ги спомна и секоја држава со својот електроенергетски систем претставува нешто посебност и секој треба да се види што претставува во вкупниот електроенергетски систем и во пазарот кој што допрва треба да се формира. Значи, ние со 1400 мегавати ангажирана снага која што можеме да ја дадеме во еден момент, треба да знаеме дека на пазарот во Југоисточна Европа дека сме многу мал сегмент од сето тоа, затоа што претставуваме може би само дел од 2, или 3 електрани кои што ги имаат нашите соседи. Но, добро е да се види како тие функционираат и како тие ги гледаат своите електростопанства и како размислуваат во однос на нивната приватизација и во однос на она што значи напредок на нивните држави. Значи би кажал за Хрватска нивното електростопанство има определено дека 7% од вкупните средства и од сите акции што ќе ги има електростопанство на Хрватска, ќе бидат директно за бранителите. Значи, сите оние што учествувале во татковинската војна 7% од тие акции ќе им бидат доделени нив. За жал ние сите ги избркавме од работа, луѓето денови и денови стојат пред нашето Собрание молејќи да го работат она што го работеле и во најтешките денови од кризата во самата војна, а никој едноставно не ги гледа. Но, тоа се наши работи, луѓето поинаку размислуваат и за мене поправилно размислуваат. 7% за вработените и пензионерите, за сите оние кои што работеле во хрватското електростопанство се определени 7% од нивните акции и 15% повластени акции кои се продаваат на пазарот но, исклучиво за граѓани на Република Хрватска.

И последно и најбитно од сето ова, тоа е дека приватизацијата на електроенергетскиот систем на државата ќе се изврши откако Република Хрватска ќе стане член на ЕУ. Господа, тука имавме големи проблеми со некои изјави на нашите министри за надворешни работи дека Македонија е пред вратите на ЕУ и спомнувањето на 2013 година за некој значеше апокалипса, но мислам дека и 2013 година ќе биде позитивна. А, вие ако планирате 2005 година, да го продадете електростопанство, незнам што ќе направиме до 2013 година. Мислам дека  и ова што го имаме, повеќе ќе го немаме и тогаш не би сакал да учествувам во една таква акција на ова Собрание да биде последната за Република Македонија. Далеку од тоа. Во Словенија во скора иднина нема сигурно да се приватизира. За Грција

кажавте и самите многу  пати е спомнувана од Електростопанство на Македонија дека Грција претставува некој репер во однос на бројот на веработените, во однос на цената на киловат часот, дека таму има помал број на вработени.Значи, во еден индустриски капацитет и производен капацитет од 3000 мегавати, значи некаде од прилика 4 пати поголемо од РЕК Битола, дека, работеле само 400, 500 луѓе и дека производната цена во грчкото Електростопанство е некаде околу 11 центи.

Сега ако проговориме за платите на нашите вработени што ги добиваат ЕСМ, доаѓаме во една сосема обратна ситуација. Значи бројот на вработените учествува со многу мал дел во вкупниот однос на она што занчи трошоко во електро-стопанствата и во изградувањето на цената на  квиловат час. Тоа е основата дали вие ќе цените, едно електро стопанство или еден производен капацитет работи добро или не работи добро. Тоа е значи цената на електричната енергија. Нашата цена на електрична енергија во моментов мислам дека е најмала на целиот овој Пазар на југоисточна Европа. Тоа може да биде добро за државата ако тоа електростопанство и понатаму остане во добра кондиција, почнува да се надградува со свои изворни поризводни капацитети, а не капацитети како Света Петка, како Козјак, што се промашување до промашување.  Тука се трошат многу пари, повратно нема, а немаме идеја и начин како понатаму да ја развиваме Република Македонија во енергетскиот сектор. Јас тука уште еднаш би потсетил, под итно Република Македонија треба да размислува за Министерство за енергетика.

Ова што значи енергетиката во моментот и што ќе значи во наредните години, а верувајте за енергетиката и за државата, воопшто 10 години се еден период, историски гледано, што ќе помине многу брзо, а воопшто ние кажуваме само за некои програми и планови , и тие програми и планови ги вртиме веќе 30 години наназад и од тоа многу малку реализираме. Тука со ниеден акт не се гледа дека некој ќе биде обврзан како газда. Едноставно ние гледаме да му понудиме она што го има ЕСМ. Значи било кој газда, веќе зборуваме за приватна сосптвеност, макар биле и наши луѓе и ние во ситуација да ги имаме тие пари, едноставно секој го интересира профитот. Тоа значи максимална експлоатација на јагледнот, производство колку е можно повеќе и таа цена да биде конкурентна на пазарот, на овој сегашен  пазар во југоисточна Европа и на Обединетиот Европски Пазар во малку подалечна иднина. Едноставно се што можете да произведете ќе произведете многу повеќе и со тоа ќе дојдете во ситуација, она што значи резерва, она што значи стратегија, бидејќи во моментот ЕСМ јас го гледам како нешто стратешко и највАжно

во Република Македонија , што во моментот ја држи државата. Тука не се работи ни за Телеком, ни за ОКТА, затоа што тоа е суштинско и ова ако немавме во 1990 година, не ќе ја имавме ни Република Македонија сега. Ако продолжиме вака, ќе се доведеме во ситуација да бидеме зависни, затоа што на луѓето не им кажуваме, ако ги немаме производните капацитети, ние со преносните системи што ги имаме и дистрибутивните трафостаници што ги градиме, неможеме да обезбедиме толкава количина на енергија која ќе биде во Република Македонија . Немојте да дозволиме да ни се случи она што и се случи на Албанија пред две години , да има по 18 часа рестрикција секој ден, затоа што и таму беше некој паметен ги испушти сите хидроелектрани, ја продаде електричната енергија што во моментот беше доста интересна на пазарот и очекувајќи дека ќе заврне дожд и ќе се напонат езерата , останаа луѓето шест месеци да немаат воопшто електрична енергија.

Ние ги имаме тие капацитети. РЕК Битола е 78 до 80% од производството, има јаглен за 10 години. Отворање на еден нов рудник е најмалце шест години. Не се почнува, само се зборува, ќе биди, ќе биди, но ништо нема активно што ќе може да ни донесе.

Значи Грција и покрај сето ова , и покрај цената што ја има од 11 центи, викаме дека има 400 вработени. Но во Грција работаат секогаш на одржување на ремонт и луѓе кои што се во надворешни фирми и го плаќаат киловат часот повеќе.

Платите на вработените во ЕСМ , во однос на сите овие системи се никакви. Апсолутно неспоредливи бројки, дали се тие 1000, 2000 или 5000 , многу малку учествуваат во таа цена.

Во Бугарија се продаваат делови, овие термоелектрани кои во моментот само носеа нешто што е непродуктивно во Република Бугарија. Тие електрани се земени повеќе од американски фирми и во моментот работат за чист извоз, само Турција. Значи, она што не носеше ништо, но затоа што бугарското стопанство падна и моежеше да ги даваат тие електрани затоа што нивниот производ беше некаде 40% од максималните ангажирани моќности што ги имаше Бугарија. Ние во моментот работиме максимално 100% и повторно имаме увоз. Имаше 400 гигават часови, сега имаме 1600 гигават часови. Што ќе се случи ако не работи РЕК Битола? Едноставно ќе замре се, нема да функционира државата, за жал. Затоа господа треба да се гледа не само приватната инвестиција, не само она што значат пари. Треба да се гледа многу постратешки. Ова е многу суштинска работа за да омжете да го поминете со еден закон од 10 члена и цела приватизација во еден член. За мене тоа

е тотална неодговорност. Мислам дека пред македонската јавност ќе имате голема задача сето ова да го оправдате и да понудите решенија затоа што ваквиот начин на работење, едноставно можете вие да се декларирате, незнам колку сте транспарентни или што ќе правите, но вие сакате се да обвиткате во една обланда и да помине нешто што нетреба да помине. Тоа е факт.

Франција која е гигант во енергијата, едноставно не се потчинува ни на либерализација, не на приватизација. Многу добро знаеме сите што значи Франција во областа на енергетиката. Сега, ние, уште незавршено реструктуирањето, завршивме и со приватизацијата, а тука, три дена, сите господа , сегашни заминици министри на Влада, тука гледам координатори, пратеници на пратеничката група на СДСМ, толку жестоко се бореа дека изборите ќе биле после два месеци. Изборите се после 20 дена, господа. Вие расправате за продажба. Тогаш бевте против претприватизацијата , Закон за предприватизација кој требаше да говори за овие работи за кои сега говориме. Вие не стигнавте ништо од тоа да реализирате и сега одите директно на продажба со еден единствен член и кажувате дека тоа е тоа што можете да го понудите и дека тоа е условот за просперитет на Македонија, тоа е условот за Атинскиот меморандум и незнам уште колку услови ни кажавте тука. Едноставно, работата дека треба да се продаде Еектростопанството.

Сега немојте на луѓето повторно да им кажувате приказни за мали деца што многу добро ги разбраа и водоа за што се работи.

Друга, уште поважна работа за која министерот не беше присутен на таа Комисија за економија, тоа е тоа што овој Закон за реструктуирање на ЕСМ , бидејќи и сега, колку што јас знам, а знам добро дека ЕСМ е акционерско друштво. Така да ова реструктуирање што го нудите со член 4 и со овој Закон, не би рекол преобразба, јас би сакал повеќе да ја реструктуираме. Едноставно ние како пратеници, повторно гледам овде нема мнозинство, претседателот многу често не опоменува дека позицијата треба да го сочинува мнозинството, за жал и за ваков закон се нема мнозинство. Но, во секој случај ќе кажам една работа.

Пратениците апсолутно не треба да бидат замарани со ваков закон, ниту треба денес да се гласа законот за реструктуирање. Тоа е АД и Владата може со одлука на Влада да каже дали ќе се подели на два дела, на три дела, на десет дела. Тоа е работа на Владата. Тоа не е работа на овој Парламент, не е работа на овие пратнеици кои сега треба да го дадат својот глас, да ја дадат својата тежина, да излезе оваа одлука од Парламентот за утре да можеме да побараме некој кредит од

Европската банка за обнова и развој со која Парламентот и државата Македонија ќе се задолжи за да може оваа претприватизација да биде подготвена уште подобро. Зад сето ова мислам дека стои членот 7 што се сака да се протурка, а тоа е приватизацијата и продажбата. Значи се носиме сите во еден заложнички однос, сите пратеници и од позицијата и од опозицијата, позицијата што ќе го гласа овој закон, да дава тежина за нешто што апсолутно не треба да биде тука. Тоа треба да си биде одлука на Влада, како што беше одлука на Влада да се формира тоа АД.

Сега уште еднаш би ги запрашал пратениците од позицијата, би го запрашал премиерот, заменикот премиер, за кој Закон од 50 страници, за предприватизацијата беше продажба и катастрофа и се говореше два до три дена. Сега со Законот се воведуваат 10 члена, т.е. со еден член. Макар и да биде тоа и 12-тата заповед на г. Бранко Црвенковски, начинот на кој сака да продаде ЕСМ е премногу некој да си игра со судбината на сите македонски граѓани.

Вашата одбрана, сега ќе слушаме, ќе се претвори во напад, би требало да се прочите се она што вие го говоревте во овие два - три дена и ќе се обидиме, можеби нешто и да слушнат и граѓаните, затоа што треба да се обнови памтењет, како тоа вие го кажувавте иако знам вие повторно ќе извадите стотици други аргументи кои сега ќе ве оправдуваат дека ситуацијата не е иста со 2002 година, дека сега сме 2004 година, дека сега не се парламентарни избори, дека се претседателски избори, не е битно дека претседателот на Владата е повторно кандидат за претседател на државата. За вас сето тоа е во ред и вие чувствувате потреба се ова да се заврши сега и веднаш, а после ќе има време и се ќе биде во ред. Значи г-да пратеници од позицијата, мислам дека требаше и многу вкус за сето ова да го презентирате и барем малку повеќе работа , да не биде вака, толку штуро и направено така како што вие ни го презентиравте сега. Затоа во моментот треба да се објаснат три работи што цело време фигурираат и што сака некој да ги прикаже како една . Тоа е: Либерализацијата, преструктуирањето и приватизацијата, дека тоа е едно исто, дека тоа е по Европски заложби и , да кажеме и нормативи кои треба да ги исполни Република Македонија за да биде член на истите, но јас ќе ви кажам дека сите овие три работи се многу различни една од друга. Значи либерализацијата е една работа, реструктуирањето е сосема друга работа, а приватизацијата е веќе трета и последна работа која не требаше денес ни да ја спомнуваме, но еве, вие инсистирате дека се ова ќе може во овие 10 члена така добро да ни го срочите, па ние се да разбереме и вие сето ова да го завршите.

Дали ова е исто така едно од ветувањата што го даде г. Бранко Црвенковски дека во Македонија 2004 година е таа инвестициона година, дека ќе влезат овие 200 милиони евра, дали ги планира овие 200 милиони евра од приватизацијата , од кредитите и дали за тоа треба воопшто да говориме. Но, еве би почнал со либеризацијата.

До крајот на 2003 година ние требаше да имаме 30% либерализиран Пазар. Со либерализацијата на пазарот треба да се обезбеди нешто што е многу важно и што мораме да го имаме, а тоа е преносниот систем . Но , кажав дека за операторот апсолутно не се водела сметка и тука се измешани ингеренциите и она кој што ќе работи. Преносот е тој што треба да обезбеди продажба, увоз или извос на електрична енергија, да обезбеди сигурност во снабдувањето на нашите поголеми производувачи или на нашите стопански објекти што би добиле или би можеле да купат струја од југоисточна Европа, или понатаму од европскиот Пазар и за сето тоа да се обезбедат траси по кои таа струја по одредена цена ќе може да поминува низ Република Македонија и за тоа , тоа како државно претпријатие Владата на Република Македонија и државата Македонија да добива средства. Значи обезбедување на траси и до колку се случи, увозот или извозот на електрична енергија е поголем од она што можат овие преносни системи да го обезбедат, тогаш би настанало наддавање.

Преструктуирањето, кажавме, може да биде како што сега го реструктуираат на две едници, после месец или два месеци да имаме реструктуирање на три единици, или пак наредната година можеме да добиеме и повеќе од 30 или 300 вакви трговски друштва, бидејќи ова е по законот за трговски друштва и тоа ќе може да биде реструктуирано на овој начин. Значи и покарј тоа што Законот се носи, кажувавте дека минатата година реструктуирањето е завршено. Апсолутно не е ни почнато. И сега неможе да почне затоа што и министерот кажа ние навистина немаме, која е финансиската конструкција, кој е правниот систем, како катастерски тие објекти ќе се поделат, што значи сега поделбата на преносот со операторот, колку финансиски средства би повлекле, што значи тоа за вкупните акции за вработените, дали тие акции ќе одат на нивното конто, или нема да одат, ќе бидат извадени од контото.

Би ја потсетил македонската јанвост и нашите стручњаци, бидејќи говорат за тоа, дека едноставно законот за реструктуирање на Република Хрватска е од прилика 250 страни, иако не се работи секогаш за квантитетот дека носи квалитет,

но сепак сериозноста треба да ги донесе луѓето да размислат многу подобро за една ваква ситуација, за еден ваков закон, пред да излезат да го бранат пред народните избраници. Мислам дека тоа не е направено. Направено е нешто што едноставно целта е само приватизацијата и ништо друго.

Понатаму, има уште два интересни настани што треба да се кажат , зато што во член 4 став 4 стои дека реструктуирањето ќе се врши со основање на трговски друштва од страна на друштвата од став 1 на овој член. Значи може да се случи, како што кажав да се подели дистрибуција и производство. Дистрибуција би се поделина, претпоставувам на дистрибуција Скопје, дистрибуција Битола и незнам уште колку општини и можеби дистрибуција Скопје да се подели или да не се подели, или цела дистрибуција да остане како едно. Значи имаме многу суштински прашања што тука не се ни додирнуваат. Ако сето ова го понудиме на продажба, нормално е , секој што купува да бара ова што него ќе му носи профит, а тоа што нему ќе му носи профит е еден град како што е градот Скопје, затоа што сега ова што го правевме, дистрибутивни трафостаници, обнова на кабловска мрежа, сето тоа ќе ја подигне вредноста. Но, се случува нешто друго. Кој тогаш ќе има можност да ја земе дистрибуција Виница, дистрибуција Берово итн. каде што имате километри кабел, имате многу мал број на потрошувачи и таа наплата апсолутно нема да му се исплаќа на никој, даможе тоа да го приватизира и да го земе да работи со него. Значи тоа ќе остане повторно на товар, дали тоа ќе биде сега АД Мепсо, или ќе биде некое претпријатие од новото ЕСМ што не ќе можеме да го продадеме и ќе биде повторно на товар на државата. Таква ситуација тука апсолутно не гледам.

Друго, во Законот стои и , или , услвоно. Значи може да се случи во самата приватизација и или , едноставно да се купат сите акции кои ќе бидат понудени од една единствена фирма. Ако се случи тоа ние во Република Македонија добиваме монопол, приватен. Значи се ова што беше досега правено, апсолутно од државна фирма ќе премине во приватна фирма и приватниот монопол ќе диктира се. Ова не е монополот со Телеком за кој толку милувате да зборувате. Се работи за многу посуштински после што Република Македонија е на колена. Едноставно без телефон се може, но без ова не ќе може ни стопанството,  ни домаќинствата, апсолутно ништо не ќе може да функционира во Република Македонија . За да не биде сето ова вака како што е и како сега треба да ги подготвиме сите овие работи за утре продажбата и приватизацијата да биде поуспешна, јас очекував дека раководството

на ЕСМ во овие моменти ќе работи многу поквалитетно, и ќе се случуваат работи кои ќе донесат напредок.

Кажуваме дека наплатата во ЕСМ во моментот, од некоја изјава на генералниот директор, достигнува до 90% , па ќе се трудиме некаде да биде и 100% и над 100% . Но реалната состојба кажува нешто друго. Ако за 2001 и 2002 година, за време на војна кога многу малку луѓе , гледаме во кризните региони колкава е наплатата , а за овие две години таа изнесува 57%.

За 2003 година таа наплата стигна до 64%. Значи во време без војна, во време кога се треба да цути и кога сега од една страна добиваме информација дека Електростопанство треба да функционира феноменално, раководниот тим наплаќа се, од друга страна генералниот директор ги казнува сите директори на сите подружници на Електродистрибуција заради неуспешна наплата, потпишан во два дена на две различни одлуки на Управен одбор. Сега на што да веруваме, на тоа што го читаат граѓаните или на ова што е одлука на Управниот одбор. Ако е тоа така тогаш проблемот е во Електростопанство, а да се манипулира со граѓаните е уште поголем проблем.

Понатаму, се наплаќаше задоцнетата исплата на средствата за потрошена електрична енергија преку ангарија. Луѓето се повикуваа како со затворски казни да работат за 500 денари отплата на долг. Ова ниту било, а нема ни да биде. Понатаму, заради безбедност на инкасантите при наплата на електричната енергија не е доволно ни Министерството за внатрешни работи, има одлука со која ќе се ангажираат агенции за обезбедување кои ќе овозможат подобра наплата. После ова незнам што да кажам. Понатаму, има закани до вработените, кои нема платено, едноставно се прави проверка на сите списоци кои од вработените платил електрична енергија а кој не платил и на тој што не платил едноставно да му биде задржано на личниот доход. Господа, ако вака се стигнува до Европската унија со сите овие мерки, јас мислам дека сме многу поблиску до Сибир отколку до Европската унија. Ова се мерки на Управниот одбор, ги има донесено Управниот одбор на Електростопанство и вие ме убедувате дека треба да биде вака, а последниве два дена заради сите овие реакции на законот веќе има 10 отказни решенија, заради тоа што луѓето се ангажирале во некоја активност да ги бранат своите права, незнам тогаш за што говориме. Ова е внесување страв кај луѓето или едноставно ова е неопходност која некој мора да ја заврши и само ние можеме овде да говориме, ќе говориме денес, ќе говориме утре, можеме уште една недела да

говориме, но на крајот ќе биде истото. Вие господа тука ќе го притиснете зеленото копче, 61 пратеник ви се доста што сакате можете да направите во Република Македонија и Електростопанство да го продадете.

Ова се некои воведни работи кои македонската јавност треба да ги знае.

Сега би сакал да проговорам нешто конкретно за законот. Чисто за овие пет страници што ги имате тука (реакции) - очекувам да се смири ситуацијата.

Овде има околу 10 страници во кои има 10 члена на две страници, а другото е образложение и обид да се објасни нешто што не се објаснува. Обидот да се направи прифатливо образложение за усвојување на овој закон и тоа по итна постапка е даден во образложението кој оди заедно со предложениот закон и образложението посветува многу мал простор и анализи на причините кои бараат било какви промени во електроенергетскиот систем. Во државата, наспроти штурите и нафрлени параграфи кои имаат за цел да оправдаат соодветна замисла, без истата фактографски да ја докажат. Но да одиме по ред.

Веднаш треба да се нагласи дека соодветни промени во електроенергетскиот систем на Македонија се неминовни и многу пожелни и дека тоа треба не само да се сфати, туку и да се поддржи, но притоа мора да се води сметка најпрво за причините за таквите промени, начинот, обликот и големината на промените и секако за последиците кои ќе ги почувствува целокупната економија, а со тоа и сите граѓани на Република Македонија.

Основна цел на процесот на трансформација или како што во текстот на законот се нарекува преобразба, само со цел да се сокрие во насловот терминот приватизација, како крајна цел на целиот овој процес со кој треба да се добие законска поткрепа на овој закон, треба да се направат следните три вида реструктуирање во Електростопанство на Македонија:

1. Техничко-технолошко,
2. Комерцијално финансиско,
3. Организационо административно.

Она што се нуди во овој штур, недоискажан и крајно конфузен закон нема никакви допирни точки со она што навистина треба и мора да се случи во овој сектор. Освен поделбата на две компании кои би требало меѓусебно да ги поделат сегашните ингеренции на две компании кои на почетокот би го работеле истото што сега го работи ЕСМ, нема ништо суштински ново, едноставно се применува принципот - се менува се, за да остане исто или просто со менување на формата не значи дека ќе се направи и промена на

суштината, а токму тоа треба да се направи, промена на суштината на целокупното работење, организација и управување во овој сложен и важен економски субјект во државата.

Веднаш треба да се укаже на фактот дека реструктуирањето, либерализацијата и приватизацијата секој за себе е посебна активност и како такви не треба да се мешаат еден со друг. Еве, за пример ќе ја земам Германија каде либерализацијата на пазарот изнесува 100%, додека деструктуирањето од типот на оној што овде кај нас се заговара речиси и да нема. Значи, во Германија постојат неколку вертикално интегрирани компании кои не само што имаат под себе производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, туку имаат под себе и дистрибуција на гас, вода, дури и телекомуникациски услуги. Значи, кај нив не постои страв од монополски однос заради тоа што има соодветна законска регулатива што овозможува непристрасен, директен и транспарентен начин на стопанисување. Значи регулатива и легислатива, господа, а не ова што вие го нудите. И сето тоа проследено со пазарн механизми.

Од друга страна, Електростопанството на Франција не само што и ден денес е во државна сопственост, туку едновремено жестоко се спротивставува на процесот на либерализацијата на енергетскиот пазар, за разлика од кај нас каде се заговара не само либерализација и поделба на секторите, туку и приватизација на најважната енергетска база во една држава. Слично е и кај нашите јужни соседи, кои не само што не размислуваат за приватизација, туку напротив со реформаторски курс успеаа само во три години од една компанија која работеше со загуби да се претвори во компанија со годишен профит од преку 250 милиони евра.

Да заклучиме, она што му е потребно на ЕСМ е длабоко реструктуирање и претворање од компанија во агонија во профитна компанија, која нема да служи повеќе за израмнување на политички партиски долгови и како чеп за затворање на сите социјални проблеми во државата, а не закон кој треба сегашното монополско Електростопанство на Македонија да го претвори од државен во приватен монопол. Затоа, сите сме за трансформација на ЕСМ во модерна европска компанија со соодветен стручен кадар, со кредибилитет, знаење, искуство и визија кое е местото и улогата кое ЕСМ треба да ги има во силно галопирачкиот и наскоро присутниот балкански енергетски пазар или пазарот на Југоисточна Европа. Тим кој ќе знае да ги мотивира сите внатре во Електростопанство на Македонија и да ги промени од корен односите меѓу Електростопанство на Македонија и неговите корисници.

Затоа, основен услов е да се ослободи ЕСМ од партиската и политичката доминација на Владата и нејзините институции. Заради сето тоа велам да, за целосна и темелна реорганизација на ЕСМ, но одлучно велам не за приватизација на истата, затоа што одговорно и професионално сметам дека и без приватизација оваа компанија може да се претвори во солидна и профитабилна компанија која не само што би придонела за економскиот развој на државата, туку и за дополнителни финансиски средства во нејзиниот буџет.

Забелешките во однос на текстот на законот ги доставив во форма на амандмани и во форма на ова што ќе биде еден краток коментар. Би почнал со ставот 2, а во самиот закон велите “конкурентни пазарни критериуми при континуирано одржување на условите за сигурно и безбедно снабдување со електрична енергија и стабилно функционирање на електроенергетскиот сектор”. Другото е за отстранување на потенцијалните негативни ефекти од монополската позиција на доминантните субјекти на Електростопанството. Овие два параграфи суштински не можат да се вклопат во идејата која е нагласена како основна причина за преземената преобразба на ЕСМ. Имено, она што се заговара е поделба на компанијата на два дела, кои немаат пресек во своите активности, односно не создаваат никаква конкуренција. Значи за конкуренција меѓу ова и новото ЕСМ апсолутно не станува збор. Според тоа, со предложената преобразба не воведува никаква конкуренција, туку напротив со самата приатизација наместо намалување на монополската состојба, таа се зголемува и засилува, затоа што она што се заговара е формирање ново ЕСМ, во кое се ќе остане старо, ќе има една дистрибуција и една производна единица со сите производни капацитети, кој после приватизацијата ќе стане најсилен и најмоќен приватен монопол кој едноставно од државни ќе премине во приватни раце, за кои во стартот и така говорите.

Во последниот параграф “заради обезбедување на условите за транспарентна, недискриминирачка и објективна приватизација на енергетскиот сектор на стопанството во согласност со пазарните услови и позитивната меѓународна пракса, заради обезбедување поволни услови на нови инвестиции во овој сектор” - на овој параграф има две основни забелешки, и тоа: ако се погледнат пазарните услови, тие се крајно неповолни или многукратно полоши од оние во 2002 година, кога СДСМ ја убедуваше целокупната македонска јавност дека тогаш не било вистинско време за приватизација бидејќи ќе сме го продале “златното теле” за бадијала, односно тоа ќе било трагично за Македонија и македонската економија.

Денес кога речиси 50% од економијата не работи или има повеќе од 400 илјади невработени, пад на бруто производот, економски сме донесени на дното, социјално крајно осиромашени, штрајкови на секој чекор, а постоечките приватизирани компании мачат мака да го контролираат она што скапо го платиле, никој не може да биде уверен дека сега е вистинско време за приватизација на најголемиот економски субјект во државата. А изјавата дека приватизацијата отвора поволни услови за нови инвестиции во секторот е ноторна лага во која само неупатените можат да веруваат. Јасно е и од примерот со Телеком дека инвеститорот прво настојува да ги врати вложените пари за купување на претпријатието, како и во сите останати претпријатија, а дури потоа може евентуално да размислува за дополнителни инвестиции. Тоа само уште повеќе ќе го осиромаши овој сектор и ќе донесе дополнителни проблеми во водењето на системот. Искуствата од веќе приватизираните и реструктуираните компании покажуваат дека сигурноста во снабдувањето е намалена, а не се ретки ни случаите за целосно паѓање на системот (Канада, САД, Италија и Грција).

Во ставот 4 да се тврди дека основната причина за донесување на овој закон по скратена постапка... (реакции од пратеници).

Претседателе, јас се извинувам, но ако на некого не му се слуша слободно може да излезе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот сега помина на законот, можеби требаше порано да го прекинам, но така се случи. Ве молам, да се сослушаме. Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, цело време говорам за законот. Ова се конкретни забелешки за законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувавте и за многу други работи. Не сакав да ве прекинам за да не создадеме тензии.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред, ама не ја прекинавте ни колешката Борозан која ни говореше за Меморандумот во Атина, што нема врска со овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колешката Борозан има реплика, веќе се пријави. Затоа, завршете вие, па ќе разјасните. Повелете, едноставно продолжете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Едноставно ги повикувам пратениците ако не им се слуша дека можат да излезат.

Да се тврди дека основната причина за донесување на овој закон по скратена постапка е фактот дека не е во прашање обемен и сложен закон е крајно невкусно.

(Реакции од пратеници).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако некој нема желба и трпение да слуша може да излесе. Според Деловникот не мора да има кворум за слушање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас кажав дека нервозата е многу голема, но незнам зошто, некој говорел тука три дена и бил слушан.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, не правит екоментари, господине Мавровски. Повелете, продолжете. Јас ви создавам услови, вие продолжете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред, благодарам, кога ќе ми создадете услови ќе продолжам.

Да се тврди дека основна причина за донесување на овој закон по скратена постапка е фактот дека не е во прашање обемен и сложен закон е крајно невкусно, непрофесионално и во краен случај ги иритира сите професионалци кои секојдневно се занимаваат со енергетика, Електростопанството и со подготвување на законите во државата. Ако за реструктуирање и приватизација на најголемиот економски субјект во Македонија доволен е ваков закон од 50 реда, тогаш мора нешто да не е во ред  или со субјектот или со оној што истиот тој закон го подготвил и го понудил на јавноста, или пак до крајна мерка се потсмева со интелектуалните способности на македонските граѓани. Овој закон не е ништо друго освен начин по кратка постапка

да се протуркаат интересите на владеачката гарнитура на штета на целокупната македонска економија и македонскиот народ, без широка дебата за еден ваков сложен и значаен закон кој треба да ја анализира економијата и целокупното живеење во државата, или пак да ја закопа иднината на нашата економија и државност, крајно е несериозно и непрофесионално.

Главните забелешки во однос на самиот закон, она што значи 10 члена: кажав дека тоа е несоодветен наслов “преобразба” и треба да се преформулира, а со тоа да се објасни и суштината на законот, или онака како што е кажано во членот 2 “реструктуирање и приватизација”. Мојата интервенција е во законот да остане “реструктуирање”, а за останатото гледате и самите дека воопшто нема никакви услови за да говориме за приватизација. Ќе беше многу подобро, ако веќе сте за транспарентност, да го кажеме она што е транспарентно.

Во членот 7 кој е клучен член на целиот закон се дефинира она што го кажа господинот министер и кој објасни малку повеќе отколку што е објаснето во самиот закон. Јас ќе морам да го прочитам, а тој е доста краток и кажува се за продажба на Електростопанство на Македонија, кое во моментот чини колку што чини и државата Македонија. “Приватизацијата на АД ЕСМ и /или на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции на АД ЕСМ или на друштвата основани од него во една или повеќе трансакции на инвеститорот и тоа:

1. Преку продажба на малцински пакет на акции со склучување на договор со меѓународни финансиски институции;

2. Преку тендер во кој е вклучена преквалификација на начин и постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија ; и

3. На друг начин утврден со закон.”

Уште еднаш ќе повторам “на друг начин утврден со закон”. Продолжува: “Под инвеститор во смисла на став 1 на овој член се подразбира: а) било кое домашно или странско правно лице; б) меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чии основачки акти се јавува и Република Македонија како земја членка; и в) приватизација на АД ЕСМ и/или на друштвата основани од него може да вклучи и пренос на акции на вработените во АД Електростопанство на Македонија согласно одлука на Владата на Република Македонија”.

Господо, ова можеби траеше повеќе, не цела минута но ова е членот со кој што треба да се продаде гигантот на стопанството на Република Македонија. Ова е

тој толку закон за кој што се трошат тука многу енергии да ни објаснат дека ова било дадено во Атинскиот меморандум.

Симптоматично е што најголемиот дел на овој закон се однесува точно на приватизацијата и покрај тоа што приватизацијата дури не се ни спомнува експлицитно во неговито наслов.

Останати проблематични формулации: "Продажба на дел или на сите акции од АД ЕСМ" се отвора простор за итна и нетранспарентна продажба на целата компанија. Тоа е првата работа.

Втората работа, "Продажба на малцински пакет на акции со склучување на договор со меѓународни финансиски институции",  се отвора простор за нетранспарентен влез, преку дирекно спогодување со Европската или Светската банка за реконстукција или развој уште пред да се отпочне со процесот на приватизација. Во моментов Електростопанство на Македонија е задолжено со 53 милиони евра. Тие два договори ги потпишавме во текот на оваа година и тоа стои. Побарана инвестиција од наредни 45 милиони евра и уште 45 милиони за приватизацијата. Па сега, рачунајте дали е тоа транспарентно, дали е на тендер или незнам на кој начин.

Нај проблематично е  што подолу во истиот член, во делот на објаснвуањето, покрај овие институции на овој начин се отвора простор:

"а) било кое домашно или странско правно лице" кое е во спротивност со самиот термин "меѓународни финансиски институции", горе стои "меѓународни финансиски институции" а под смисла инвеститор стои " и домашно или странско правно лице", што е во спротивност. Значи, се отвора простор за директен влез и откуп на акции на привилегирани домашни правни лица. Претпоставувам дека тоа би можеле да бидат Фершпед, Скопска Пивара, Комерцијална Банка, Алкалоид и други фирми што во моментов се доста билиски до власта. Значи, овие фирми, едноставно, затоа што во Законот, во ставот а стои дека претставуваат некои меѓународни институции , не знам дека се, но било кое странско или домашно правно лице, јас го подразбирам вака како што го разбирам.

Третото "Може да вклучи и пренос на акции на вработените во АД ЕСМ". Самиот министер во воведното образлагање ни кажа дека може со одлука на Влада. Ставот не е јасен. Тотално е недоречен и неексплицитен. Може, а не мора. Тука не е на одмет да се пуштат и други можности, како акции на останати дејности, како војска, полиција, образование, здравство, слично како што е направено, што

говоревме пред малку за Хрватска. Притоа треба да се инсистира на точно дефинирање на бројот на акциите.

И уште едно, ставот 3 “на друг начин утврден со закон”. Господине минситре, сигурно вие ова не сте го напишале, меѓутоа треба како минситер да знаете малку подобро од мене. Вие тука имате еден закон за преобразба, утре на друг начин, утврден со закон, Владата може да го донесе тој закон и на тој начин се внесува еден дополнителен простор за шпекулации и можност за донесување други закони што по слична брза и скратена постапка би ги донела Владата, а би нашле своја законска поткрепа во овој закон во овој член. Значи вие, апсолутно, после една недела од усвојвуањето на ова, можете да си донесете закон со кој што Електростопанство ќе го приватизирате и апсолутно и од правен и од секаков аспект ќе бидете покриени, затоа што иамте можност “ на друг начин утврден со закон”. Што точно ова е транспарентно, како што говорите, пошто го носите законот за транспарентност, јас тука  транспарентност не гледам. Гледам начин како може во законот да се најде дупка низ која ќе може да се протне наредниото закон што ќе значи продажба на  ЕСМ. Мислам дека тоа го гледаат кои малку разбираат од оваа проблематика.

Во членот 8, овој член само паушално го дефинира процесот на рестартирање на ЕСМ, а едновремено овој процес е ставен како основна цел на вооj закон. Значи, прво приватизација, членто 7, па потоа реструктуирање, членот 8. Уште една фарса во овој закон што само потврдува дека оснвона и единствена негоава цел е да се создаде било каква законска нишка за итна, нетранспарентна и криминална приватизација на ајголемито економски субјект во Република Македонија.

Понатаму, следи вашето образложение во кое што ги кажувате вашите ставови по однос на овој закон, со тоа што имаме забелешки дека целиов текст е конфузен, присобран од разни текстови што немаат иста цел и намера, се со една цел да се даде колку-толку некакво оправдување за сето она што на секој еден му е доволно јасно, а тоа е уште еден начин на криминално приватизирање во државата, овој пат на најголемиот и веројатно на најскапиот субјект во државата.

Ставот 1, сите проблеми што ги има ЕСМ се обидува да ги објасни како основа за приватизацијата и дека со самата приватизација ќе се решат сите проблеми како строко конзервативен начин на стопанисување. Кој е крив за тоа? ЕСМ? Министерството за економија односно Владата? Независната Регулаторна комисија или некој друг?

Додека од една страна зборувате за процеси на окрупнување, поврзување и здружување на пазарите, овде ни се зборува за поделби, приватизација, а воедно ни се објаснува дека националните и политичките обележја слабееле, зошто тоа не го гледаме во Германија, Франција , Италија, па дури ни во Бугарија и Грција. Единствено ние сме осудени да ги слабееме нашите национални обележја.

Се зборува за незавидни услови за стопанисување, а тие Владата и Министерството за економија се тие кои треба да ги создаваат условите за стопанисување во државата. Тоа значи дека својата неспособност да создадат поволни услови треба да се маскира со приватизацијата на ЕСМ. Па и новото ЕСМ ќе функционира во истите услови и гарантирам дкеа ќе биде успешно од проста причина што еднаш за секогаш ќе се ослободи од шепите на политиката и валста. Значи и тука повторно гледаме исти работи.

Во ставот 2, овој став само доведува до заблуда и конфузија, Значи, додека навистина се формираат регионални пазари, во исто време сите национални електростопанства се зајакнуваат и зафаќаат одредени позиции во тие пазари.

Тоа што овде се заговара е губење на идентитет во еден регионален пазар односно потпаѓање под влијание на поголемите и посилните соседни енергетски системи. Зошто западноевропските стопанства не се приватизираат или делат онака како што нашите енергетскис тручњаци не советуваат, напротив тие електростопанства се најзаинтересирани да го купат нашето ЕСМ и од него да направат бледа сенка на она што навистина треба да биде ЕСМ што се наоѓа на раскрсницата на енергетските теченијана овој дел од Европа.

Во ставот 4 говорите за отстранување на монополските односи во системот. На кој начин? Тоа е можно само со зголемена конкуренција а тоа што се нуди е една нова монополска организација што наместо во државни, ќе премине во приватни раце, наместо три дистрибуции што ќе нарпават конкуренција во борбата за набавка по квалитетна и поефтина електрична енергија се заговара само една дистрибуција што ќе се приватизира. Наместо нови независни производувачи, се бара приватизација на целио тпроизводен дел на ЕСМ од еден купувач или пак не е така? Наместо чување на државна сопственост на хидрокапацитетите што освен производство на електрична енергија служат и за вртлива резерва на системот, фрекфентна регулација и слично, објекти што се целосно ревитализирани се нудат на продажба за ситени апри, бидјеки се стари преку 40 години, нивната книговотствена вредност е скоро беззначајна и се во тој стил. Значи, она што се

пишува во образложението е само формално и нема никаква допирна точка со вистинската ситуација во енергетскито систем како во Македонија така и пошироко.

Во ставот 5, ниту една од предложените причини не одговара н абарањето, ниту пак решение за него е приватизацијата на ЕСМ, односно сите тие цели можат да се постигнат и без делумна, а уште повеќе целосна приватизација на ЕСМ. Самито читател би се запрашал, одговорот нема да го најде во овој текст на поставените прашања како што се:

-зголемвуање на ефикаснсота

-подобрување на условит еза корисниците

-зголемвуање на наплатата

-деполитизирање на менаџментот

-нови инвестиции и многу други.

Сите овие активности можат да се остварат без приватизација на овој значаен сегмент.

И, во ставот 6, повторно експлицитно е дефинирана причината за донесување на вооj закон по скратена постапка. “да се дополни и во насока да се обезбеди законитост на можната идна приватизација на АД ЕСМ”. Понатамошни образложенија не се потребни, или едноставно се излишни.

Во ставот 9 , повторно јавно се демонстрираат намерите за дирекно склучување на договори за продажба на малцински пакети од ЕСМ на организации и институции кои не можат да конкурираат на тендер.

И на крај, симптоматично е тоа што во завршниот дел на образложението се тврди дека се спроведува, дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Тоа значи дека сите активности околу реструктуирањето и приватизацијата на ЕСМ повторно треба целосно да паднат на товар на ЕСМ и покрај тоа што ЕСМ е во државна сопственсот, односно за сите овие процеси координатор, иницијатор и извршен орган е Валдата на Република Македонија, нејзиното Министерство за економија и нејзиниот претседател. Тоа значи дека сите средства треба и мора да бидат утврдени, обезбедени во самиот Буџет, пред да се пристапи кон вакви сложени и долгорочни активности. Дали тоа значи дека тие средства се обезбедени и начинот на кој што тие се обезбедени во ЕСМ, со давање на дел од овие акции, тоа ќе треба вие да гокажете.

Значи, ова се тие забелешки. Амандмански е интервенирано. Јас и понатаму останувам, доколку минситерот беше на таа Комисија за економија дека ќе најдеше доблест да го повлече законот за понатамошна доработка и пред пратениците да достави нешо што сигурно многу повеќе ќе личеше на закон    отколку овие 10 членови, 50 редови и 2 страници што треба да го продадат ЕСМ и тоа со еден член со десетина или петнаесет реда што ги слушнавте и самите.

Благодарам г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Приавена е госпоѓа Борозан за реплика, повелете имате три минути.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Јас се  јавив за реплика некаде на почетокто на говорот на колегата Мавровски што траеше премногу долго и беше толку конфузен што веќе незнам на што да реплицирам. Воглавно беа поставени многу прашања и тоа само ме предизвиквуа да се јавам повторно за збор па да одговорам на неговите паашања.

Во секој случај ќе се сконцентрирам само на некои работи што најмногу ми пречат и за кои што бев дирекно повикана.

Како прво, тој со иронија зборува и го спомнува зборот “преобразба”. Тој е употребен тука. Протестирам против ваквиот однос, затоа што зборот преобразба е македонски збор за зборот реформа. Сметам дека македонските зборови и нивното користење не му пречат на колегата Мавровски.

Колегата ме повика зошто сум зборувала за Атинскиот процес, Атинскиот меморандум во мојот збор. Сакам овде експлицитно да наведам дека Атинскито процес е иницијатива водена дирекно од Европската комисија, се однесува на земјите од Југоисточна европа со цел да се поттикнат земјите на секаков начин, со стручна подршка и со финансиска подршка да ги извршат потребните реформи за да може да прејдат од монополско на пазарно стопанисување во електроенергетиката. И особено се наменети за земјите како што е Македонија што е на опашката на овие реформи. Во случајот со Македоднија тоа е исклучиво благодарјки на претходната Влада што за 4 години не направи ништо за реформа на овој сектор.

Понатаму, колегата ме повика исто така за примерите со приватизација во Европа. Потполно одговорно тврдам дека освен Франција и Грција нема други земји

во Европа што не го приватизирале енергетскиот сектор или не најавиле таква намера. Во тој случај, особено омилен пример му е примерот со Хрватска, што го спомнуваше неколку пати во неговото излагање , споредвуање на законот што е денеска пред нас со законот од Хрватска што имал 250 страници.

Морам да кажам дека тоа благодарејки на претходната Влада коај што нашето Електростопанство од јавно претпријатие го трансформриаше во АД и со тоа го стави директно под Законот за трговски друштва. Додека во примерот со Хрватска тие имаат Закон за приватизација и трансформација на јавно претпријатие. Тоа е суштинска разлика која што не може едноставно да се споредува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ќе одговорите на репликата г-дине Мавровски имате една минута, а потоа збор има министерот за економија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака, за една минута не ќе можам да одговорам на се. Ќе пробам нешто, но ќе се јавам повторно за збор не е проблем. Ќе разјасниме некои работи.

Преобразба, кажав дека се работи за трансформација или транзиција. Преобразба, како македонски збор подразбирам некој да биде преобразен и да го нема. Во случајов не би сакал така преобразен да го видам некого, посебно ЕСМ.

Говорите за Атинскиот меморандум и оние што требало да се трансформираат, сега незнам дали во Грција се пробразуваат или во Албанија, но знам дека и Албанија и Србија и Црна Гора и Република Српска суште не се преобразени, ако веќе говориме макеоднски. Значи, не се преобразени сеуште.

За овие 4 години, госпоѓо Борозан и вашиот закон почнува со активностите преземени..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе дозволите само една реченица во интерес на објаснвуањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие требавте да се димензионирате за една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во овие 4 години се повикувате на претходната..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Повелете г-дине министре.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Благодарам.

Јас навистина морам да кажам дека ми попушти концентрацијата па и нема да ми замерите ако не успеам да одговорам на сите прашања, бидејки час и половина да се слуша сконцентрирано, навистина е тешко.

Вака сега, законот има само 10 членови. Тоа е точно, од причини што основната цел на овој закон е само да ги одреди оснвоните рамки за преобразба и приватизација на Електростопанство, односно да ги уреди оние делови што значат како и на кој начин тој ќе се преобрази во овие две негови друштва, АД МЕПСО и АД ЕСМ и втората клучна работа што тука постои е секако начинот на кој што ќе се оди во евентуална приватизација, па се создаде правни услови,правна рамка за да учествуваат меѓународни финансиски институции, особено за оние меѓународни финансиски институции кои според природата на работата, според нивните правила, немаат можности и не можат да одат на тендери, тукуодат со дирекни преговори. Јас незнам зошто г-динот Мавровски сака да каже дека евентуално Европската банка за обнова и развој дека е сомнителна банка со која што може нешто со дирекни преговоир да се прави.

Натаму, исто така, се даваат можности да се продаде тоа на стратешки инвеститор и третиот дел, она што значи преку пренос на акции на вработени, било да се однесува на акции што ќе бидат бесплатно доделени и со повластени услови.

Значи, оваа законска рамка само ни овозможува да имаме правен основ за преструктуирањето и приватизацијата, а натаму како ќе се бира моделот, ќе зависи од тоа како ќе се утврди самата процедура и размислувањата што ќе ги даде консултантот кој консултант е Мајнел банка избран 2000 година. Да потсетам, овој

процес е почнат од претходната Влада, консултантот кој не советува, кој ни дава памет е токму консултантот кој е избран исто така од претходната Влада. Јас незнам зошто воопшто има забелешки дека овој закон е толку мал, да кажам дека Хрватска има закон со 11 члена, исто така претходната Влада Предлогот за измени во Законот за енергетика, делот што го третира токму овој дел што сега денеска го регулираме значи преобразбата и приватизацијата има вкупно 8 члена. Видете го само Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за измени и дополнувања на Законот за енергетика со Предлог на закон од април 2002 година. Токму претходната Влада предлага измени во Законот за енергетика што го опфаќа овој дел што ние денеска го имаме на дневен ред со само 8 члена, значи ние сме додале плус 2. Да бидам искрен има многу делови кои се апсолутно непотребни во тој дел и да бидеме попрецизни, точно и убаво се наведува вака вели токму во тој Предлог-закон што е даден од минатата Влада “притоа имајќи во предвид дека не се работи за обемен закон, согласно член 344 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, предлагаме предложениот закон да биде донесен по итна постапка”, значи сте го третирале како не многу битен закон и сега наеднаш комплетно се менува филозофијата на целата работа.

Понатаму се спомнува дека се задолжува ЕСМ со 45 милиони евра кредит што треба да се земе од Европската банка за обнова и развој. Ве молам, истото е договор односно отпочнати преговори од претходната Влада со Европската банка за обнова и развој која влегува во претприватизациониот процес каде се даваат 45 милиони евра кои, доколку се приватизира ЕСМ, во тој случај ќе имаат дел од своите акции, доколку не се приватизира, во тој случај значи дека тие средства ќе треба да се вратат и за користење на овие средства постои одредена терминска динамика и одредени услови кои треба да ги исполниме за да овие средства се земат.

Но, исто така, сакам да го потсетам господинот Спиро Мавровски на предложен закон токму на оваа тема, само да го прочитам, повторно не измислуваме некакво задолжување, туку тоа е активност која е веќе преземена и од претходната Влада. Овој предлог за донесување по итна постапка - Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за терминско условена продажба на акции при приватизација на ЕСМ со Предлог на закон јуни 2002 година, предлагач Никола Груевски, министер за финансии.

Значи не е коректно да не обвинувате дека го задолжуваме ЕСМ и да го мамиме народот односно оние што не гледаат и што не бираат, туку правиме една

постпка која е веќе утврдена и од претходната Влада и од оваа како една стратегија за преобразба и продажба на ЕСМ.

Понатаму, прашањето што беше поставено како другите системи во регионот, колешката Борозан убаво објасни дека ние и со Атинскиот меморандум и со нашето настојување да се вклучиме во пазарот на Југоисточна Европа, а да потсетам имаме повеќе такви пазари, го имаме Нордискиот, Пиринејскиот, пазарот на Централна Европа, што значи дека и ние во организирањето на овој пазар во кој влегуваат сите земји од Југоисточна Европа, плус Италија, Австрија, Грција и Турција и ние мора да се приклучиме и да го правиме компатибилен нашиот енергетски систем, па во рамките на тоа би сакал да кажам на пример дека Бугарија во продажбата на дистрибутивната мрежа од 7 дистрибутивни делови што таа ги има ги има поделено во три пакети и тие се во моментот на тендер на продажба.

Понатаму, Романија тендерот е отворен на два пакета, односно два дистрибутивни центра. Понатаму во Унгарија приватизацијата е комплетно завршена, Словачка е комплетирана односно веќе три има продадено од дистрибутивните мрежи и сега ако продолжиме натаму ќе видиме дека тоа е еден процес кој е започнат во Чиле во 1978 година, во Англија уште во 1990 година, во САД и тн. и добро констатираше колешката Борозан дека само Франција и Грција се останати во тој дел комплетното електростопанство на тие држави да биде неприватизирано односно државно со една назнака дека веќе и Франција има намера постепено да приватизира негови делови.

Сега, она што беше кажано дека нема никаква преобразба во ЕСМ, апсолутно не е точно од причини што веќе е извршено книговодствено раздвојување на мрежата од дистрибуцијата и производството, значи техничките детали дека се утврдени, а во јули ќе имаме два посебни правни субјекта, а до крајот на годината ќе имаме одвојување на дистрибуцијата од производството.

Понатаму, она што сакам да кажам дека се отпочнува со процесот на отстранување односно продажба на несуштинските делови на ЕСМ, како што се ресторантите, хотелите, како што беа фабриките за производство на одредени делови, ремонт, еден од тие има и во Битола, значи се работи на големо во тој дел.

Следната работа е воведувањето и работата на Регулаторната комисија. Значи, измените што се предлагаат во методологијата за пресметката, како и тарифните системи сето тоа е обемна работа која во континуитет го работи

Министерството за економија, заедно со стручни екипи и експерти како и претставници од ЕСМ.

Мора да кажам дека беше кажано дека ние многу доцниме со овој процес, дека е почнато од 2000 година, тоа е така, некој сакаше и брзаше да го продаде ЕСМ за 6 месеци, тоа јасно покажува дека недоволно го познавале ЕСМ и неговите проблеми внатре и добро е што не се направи така да се избрза од причини што подоцна при неговото длабинско снимање и при утврдувањето особено при раздвојувањето на мрежата од дистрибуцијата и производството се констатира дека за многу објекти се нема документи, за многу објекти се нема градежни дозволи, поседовни листи, што значи дека целиот трој процес на утврдување на фактичката состојба било книговодствена, било имотно-правно разрешување и тн., ни потроши поголем временски период, за кој сакаме да ги расчистиме сите неопходни работи, за да после немаме никакви проблеми по издвојувањето и по евентуално продажбата на делови на ЕСМ.

Исто така морам да кажам се кажа дека вредноста не се знае која е вредноста, ние имаме книговодствена вредност. Ние неможеме да продаваме книговодствена вредност. Таа ќе се утврди со посебна методологија и евентуално при продажбата таа треба да има пазарна вредност, оваа вредност што е сега книговодствената, апсолутно не значи ништо во однос на она што треба да се постигне со пазарната вредност. Нам потполнон ни е јасно дека при приватизациониот процес ќе има разлики помеѓу книговодствената и пазарната вредност.

Беше поставено прашање дали операторот ќе биде тој што ќе склучува договори? Не. Операторот нема да биде тој што ќе склучува договори, туку АД ЕСМ, бидејќи се задолжени и за производство и за продажба и евентуално увоз на електрична енергија, тие ќе ги склучуваат договорите, а овие од преносот односно операторот ќе биде тој што ќе склучува договори за преносот на електричната енергија.

Следното прашање дали е почнат процесот на реструктуирање, да, почнат е и ќе имаме негова правна завршница на тој дел на одвојување на мрежата во јули месец.

Понатаму, беа упатени критики на ЕСМ како на пример околу неговото работење или со продажбата на ЕСМ дека ќе се случи премногу се рајбуваат рудниците за јаглен и дека има голема потрошувачка на јаглен, тоа ми е смешно и

чудно од причини што се знае колкава е потрошувачката на јаглен на Т.Е. Битола, таа троши онолку колку што произведува толку ќе троши, неможно е да се троши над очекувањата односно над оние капацитети што ги има ТЕ.

Исто така беше поставено чудно прашање зошто увезуваме електрична енергија. Јас би сакал само да укажам на некои податоци дека во 2002 година е увезено 1.010 гига ват часови, во 2003 година се увезени 949 гига ват часови значи 6% помалку.

Што е друго многу битно? Битно е дека потребата од увоз на енергија имаме многу едноставно од рестартирањето на двата големи потрошувачи како што е ФЕНИ и Југохром - Јегуновце и од тие причини оваа година сигурно ќе имаме потреба од увоз на електрична енергија близу милијарда КВТЧ.

Се упатија повеќе критики на АД ЕСМ и на намалување на бројот на вработените, но јас мора да кажам дека токму со намален број на вработени и сето ова што се прави и правно и административно за реструктуирање на АД ЕСМ како и за подобрување на неговата кондиција би било добро да се имаат одредени резултати како на пример дека наплатата во 2003 во однос на 2002 година е зголемена за 23%, загубите на електрична енергија од 22 се намалени на 15 односно за 7%. Производството на електрична енергија е зголемена за 12%, материјалните трошоци, што е многу битно, се намалени за 36%. Откривањето на јаловината со сопствена механизација е зголемена за 6% како и откривањето на јаловината со градежна механизација е зголемена дури за 66%.

Сега, има многу интересен податок, потрошувачката на мазут каде се можни огромни манипулации намалена е дури за 62% што значи дека или некој го мачкал мазутот на леб или недомаќински го трошел или се правеле малверзации, или овој јаглен што ние го користиме дава многу поголема калорична моќ.

Залихите исто така се намалени и она што е многу битно дека сето тоа е остварено со помал број вработени.

Мислам дека некоректно е да се манипулира со бројот на вработените и да се поставува како прашање дека ова ќе значи бркање на работниците од работа од причини што во законот никаде не стои таква одредба и сето тоа потоа ќе биде уредено нормално со договорите кои ќе бидат постигнати во процесот на приватизација, за што се  сомневам дека токму ќе има такви отпуштања на работниците како што сака да се направи маркетинг со цел да се создаде еден анимозитет и кај јавноста и кај вработените на АД ЕСМ.

Покрај тоа беше укажано дека потребата од увоз на енергија јасно укажува дека во Македонија има потреба од инвестирање во производни капацитети за електрична енергија и беше укажано од господинот Мавровски дека имаме промашување како што е Козјак, како што е Матка - 2, односно Света Петка, а само да укажам дека токму во тоа време воопшто не беше инвестирано во изградба на производствени енергетски капацитети, беше целосно запрена изградбата на Козјак, инаку за ваша информација Света Петка или Матка 2 целокупната физибилити студија, проектите и тн. се беше подготвувано во времето на претходната Влада од стртучните служби и одделението или секторот за развој во АД ЕСМ и тој проект е долгогодишен проект, можеби на повеќе генерации така што не е коректно да се обвинува дека токму се вложува во некои промашени инвестиции што апсолутно не е точно, затао што квалитетот на електричната енергија што ја даваат овие централи, како што е Козјак и Матка 2 се апсолутно големи особено нивната улога мора да се прецизира и да се знае во нивното користење за балансирање на системот односно во нивната експлоатација во услови кога имаме екстремно користење на електрична енергија, односно давање на таканаречена вршна електрична енергија.

Не е точно дека рудниците не се води сметка за рудниците, дека имаме за многу кратко време, напротив интензивно се работи, бевме во сериозни преговори од руски партнери да обезбедиме механизација кои ќе работат на откритието на рудникот Брод Неотино кое натаму треба да се работи интензивно и ќе работиме токму на откривање на нови наоѓалишта кои ќе бидат услов за нормално функционирање на ТЕ Битола и мислам дека апсолутно никој не треба ниту да го мами ниту да го плаши народот дека може да дојде до застој и пад на енергетскиот систем во Република Македонија од причина што токму овој капацитет дава над 70% од производството на електричната енергија.

Понатаму членот 7 во кој се прецизира евентуалната продажба на ЕСМ значи во кој се дава правото за меѓународни финансиски институции кои нема да учествуваат од свои принципиелни причини на тендери, продажбата со одредени партнери и особено се стави забелешка на третиот дел “и на друг начин утврден со закон”.

Прво би сакал да кажам дека директните преговори со Европската банка не значи никаква манипулација туку тие своите средства што ги даваат подоцна нивните средства ќе бидат конвертирани во акции во вредност која ќе се постигне со

продажбата на ЕСМ. Значи, вредноста на акциите со нив не ги утврдуваме, туку со продажбата на ЕСМ, а понатаму овој дел на друг начин утврден со закон, тоа ни дава можност ако на претходните начини не се изврши продажбата, евентуално делови кои ќе останат непродадени од ЕСМ да се продаваат или на берза или со дополнителна емисија на акции, тоа дава уште една можност да се доприватизира ЕСМ на начини кои се утврдени со закон.

Јас мислам дека целата работа не треба воопшто да се настојува да се прави било каков политички маркетинг од причини што потребата за усовршување и развој на електроенергетскиот систем во Република Македонија е повеќе од неопходен за неговото вклучување во слободниот пазар на Југоисточна Европа. Повеќе од јасно треба да биде дека нашиот енергетски систем заостанува  во оној дел што значи нови неопходни инвестиции токму парите од ова што ќе се земат ќе се инвестираат повторно во изградба на нови енергетски производствени капацитети. И многу е битно да се има во предвид дека се смета со евентуалната комерцијализација на ЕСМ дека ќе дојдеме во ситуација каде ќе имаме подобрување на услугите, понатаму ќе се обезбеди подобра и поефикасна наплата, повеќе ќе внимаваме на ефикасното користење на електричната енергија и многу битно прашање ќе успееме да го деполитизираме ЕСМ односно конечно ЕСМ да добие деполитизиран менаџмент од причини што од една до друга влада крајно е неодговорно да има потреси во овој и така битен сегмент од стопанството на Република Македонија. Со неговата комерцијализација ќе се овозможи да се инвестира натаму во неговиот развој, а секако средствата што ќе се приберат по тој основ и што ќе влезат во Буџетот ќе бидат и те како значајни и повторно во инвестирање на вакви и слични капацитети.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи министерот имаше излагање повеќе од три минути, имате реплика господине Мавровски.

Повелете 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Министерот кажа многу работи, но, за жал многу малку го познава ЕСМ или ич не го познава, ова некој го напишал, па тој го прочита, тоа е во ред, но кога ќе дискутира за ЕСМ треба да знае многу работи.

Прво, најдовме соодветен збор пред да почнеме со преобразбата, ми кажаа македонски збор метаморфоза, може да е точно .

Би сакал да му објаснам некои технички работи на господинот министер дека мазутот се троши 63% помалку отколку се трошеше затоа што претходното раководство користеше јаглен од 1400 кило калории. Сегашното раководство како и пред 1998 година користи само јаглен од 1800 до 2000 килокалории господине министре и нема потреба од мазут затоа што повторно се повлечени сите системи од каде се експлоатираше оној јаглен што е поводот. Тоа треба да дојдете и да го видите и да ви објасни некој затоа што вака говорите нешто што воопшто не го знаете.

Кажувате за Козјак дека инвестициите за време на претходната влада биле замрзнати, апсолутно не е точно, точно тогаш Козјак се работеше и тоа е најголемото промашување на претходната влада каде беше предвидено 80 милиони се стигна до бројката 190. Тоа значи 110 милиони промашување на претходната влада на СДСМ. Колку се работеше и како се работеше вие говорите за некоја квалитетна струја, незнам што подразбирате под квалитетна струја, каква е таа квалитетна и неквалитетна струја. И тоа ќе треба да го објасните или да ви го објаснат подобро. Смешно е и чудно дека цело време за она што е добро кажувате дека вие сега го носите, а секогаш се повикувате на претходната влада дека вие сте почнале од 2000 година со она што ви го кажувале и што го направила претходната влада која според вас ништо не работела, но еве се направило и Мајнел банк била тогаш, Мајнел банк имаше извештај 2002 година, ако го имате прочитано и знаете што имаше во тој извештај, ако знаете, ако не, ќе го прочитате уште еднаш.

За што се работеше во “Електростопанство на Македонија” претходните години од кога е формирано, што беше катастарски утврдено, кажете вие. И сега, не е пошто потоа за милијарда долари да му продадете нешто, сигурно дека нема да ви прифати како што сакате вие да продадете. Исто кажувате дека претходната Влада биле со 8 члена, со 10 члена и дека сработиле и дури повеќе и дека тоа било на 15 и 16 јули, кога господинот Макрадули или господата Шекеринска и Никола Поповски, и сите пратеници, ова се стеенографските белешки господине Јакимовски за тие 8 члена. Тоа беше три дена и тоа не е донесено. Вие сега манипулирате повторно со јавноста и вие сега сакате да ги донесете. А тоа не беше донесено. Тоа беше закон за предприватизација, а не за приватизација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Сега ќе завршиме со репликите со излагањето на господинот Спиро Мавровски, а потоа ќе ги дадам репликите на министерот.

Повелете господине Јани Макрадули, имате реплика на господинот Спиро Мавровски.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам почитуван претседателе. Иако како што истакнаа други, апсолутно е тешко за час и пол лаги, за три минути да се успее да се демантира нешто.

Прво, протестирам за нивото и односот на пратеникот према министерот, за навредите што ги искажуваше, мислам дека тука требаше да реагирате вие, под секое ниво се вакви дискусии во Собранието. Со тоа што ќе навредува некој не значи дека тој знае нешто. Напротив, ако не беше неговата партија, никогаш немаше да стане директор, туку ќе си останеше таму каде што беше водител на навивачите на ракометниот клуб.

Второ, јас во минатиот мандат како опозиција учествував во долгите расправи и сум горд на тоа што успеавме тогаш да спречиме “Електростопанство на Македонија” да се продаде топтан со непосредна спогодба. Значи, приватизацијата на “Електростопанство на Македонија” ќе се спроведе со непосредна спогодба.  Не ја лажете јавноста дека имало 50 страници или некои други документи. Туку напротив, топтан се секаше тогаш да се продаде. Јас дискутирав тогаш дека мора прво да се изврши преструктуирање на претпријатието, дека мора да се одвојат пренос, дистрибуција, производство, целините, финансиски да бидат независни, да нема прелевање на средствата од една целина во друга, па потоа можеме да зборуваме за нешто друго. Дека прво треба да обезбедиме законска регулатива, да се формира регулаторната комисија, а не како вие тогаш што предлагавте да почне од 1 јануари 2003 година и така натаму.

Она што единствено можам да бидам задоволен е што вие кажавте дека “Телеком” го одбравте како лош пример за приватизација кога некој топтан зема се и тогаш во првите години тој воопшто го интересира само да ги врати парите што ги вложил, а не е никакво инвестирање и тука незнам дали ќе се согласи вашата партија со тоа. Апсолутно е невозможно да се одговори на сите работи и не би сакал

да се манипулира со цената и вредноста на “Електростопанство на Македонија”, затоа што пазарот ја диктира цената. Откога ќе се појави нешто на пазар, може да добие своја цена. Тогаш се минимизираше цената, а сега сака да се максимизира. Затоа тие работи не ни требаат овој момент и пазарот ќе си ги каже тие работи. А колку сте лицемерни и пројавувате некоја грижа за бранителите, да ве потсетам дека ги оставивте 4 месеци без никакви надоместоци 5.000 луѓе кога си заминавте од власт, а прв закон што ние го донесовме и во рабалансот на Буџетот беше како да ги надокнадиме тие надоместоци што не ги имавте платено четири месеци.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Јани Макрадули повторно како курирчето Трајче, но ќе мораме така изгледа ни дигнитет, ни ништо повеќе, затоа што ако е тој портпарол тука на Владата, тогаш нека се декларира така. Ако е портпарол на Пратеничката група на СДСМ нека повели нека каже, јас ќе му ја прочитам неговата дискусија и неговите 50 страници во стенографските белешки од 16 јули и да не биде многу горд и уште еднаш ќе ве замолам, мислам дека ваквото ниво на дискусии, посебно од еден портпарол на владеачката партија, апсолутно е недопустливо, не може да ги навредува сите пратеници од опозицијата, затоа што тој бил нешто и незнам што бил, но сеуште незнам што е. Дали јас сум бил во навивачката група, ќе бидам сега и понатаму и секогаш, а неговиот проблем е каде се наоѓа тој.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика госпоѓа Благородна Мингова - Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе,

На почетокот, честитајќи на господинот и колега Мавровски на упорноста да говори без малку два часа и некои свои размисли да ги повтори од 8 до 12 пати, зашто водев евиденција, сакам да го потсетам дека во 2002 година го пререгистрираа, односно како што самите рекоа во Статутот и напишаа, преобразија Јавното претпријатие “Електростопанство на Македонија” во АД, со што сака да си

отвора пат за брза нетранспарентна приватизација, односно продажба на “Електростопанство на Македонија” со непосредна спогодба.

Сакам исто така да го прашам господинот Мавровски за тоа дали за шест месеци продажба на “Електростопанство на Македонија” беа сигурно дека ќе се решат сите проблеми и дека нема да дојде до никакви промени, ниту никакви негативни последици за Република Македонија. Дали тогаш бевте сигурни дека со таква брза продажба ви се решени сите како што рековте имотно - правни работи, дали тогаш бевте сигурни дека новиот сопственик на “Електростопанство на Македонија” ќе ги задржи сите вработени, го зголемивте бројот за 1.100 некаде, околу 10%, ја намаливте наплатата под 50%, ги зголемивте загубите над 20% и сега сакате да не убедите дека во овие 18 месеци успеавте успешно од екстремен десничар, да се преобразите, или трансформирате во комунист од социјалреализмот.

Колега Мавровски, реформите бараат континуитет, пред се, во визијата за она што сакаме да направиме. Иако сите секогаш повторуваме дека најзначаен чекор во нашето чекорење кон Европската заедница е договорот за стабилизација и асоцијација, сакам да потсетам дека и таму ни се дадени обврски на кои начин треба да се реформираме или структуираме во сферата на енергетиката.

И на крајот, само да ве запрашам за вашата констатација кога рековте дека со овој закон од 10 члена се потценува македонскиот граѓанин. Со Законот од 6 члена во 2002 година кого потценувавте, македонските граѓани, своите колеги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Крепиева.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Продолжувајќи понатаму, познатите декларации на СДСМ дека луѓето брзо и веднаш забораваат. Уште малку ќе ги убедите дека се со тоа што е направено акционерско друштво некое стопанство е продадено, дека ние сме тие што ги избркавме вработените од “Електростопанство на Македонија” и во тоа ги убедивте, дека тоа што вработивте 200.000 како што ветивте и тоа го направивте, дека ова прв пат од вас го слушам дека за 6 месеци продажба, каде сте го виделе тоа, во кој закон, кој го кажал тоа и воопшто и вашите пратеници тука од пратеничката група

говореа за наредните 18 месеци, а министерот не кажа до крајот на 2005 година, дека ние ги избркавме и лавовите, ги избркавме сите од работа, дека е тоа се во ред, а за загубите, госпоѓо немојте да заборавите “Електростопанство на Македонија” имаше побарувања од 130 милиони евра, а имаше долг од 56 милиони евра.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Господинот министер има збор, меѓутоа, треба прво репликите да поминат.

Повелете госпоѓо Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Јас најпрво сакам да искажам жалење што колегата Мавровски, колега и по авокација, дотолку повеќе што доаѓаме и двајцата од “Електростопанство на Македонија”, не се служи со јазикот на бројките, туку и понатаму ги заведува граѓаните а во моментот и вработените во “Електростопанство на Македонија.

Што се однесува до информацијата за превработување, што се случи во нивно време, иако потрошивме часови и часови на седнициве, чувствувам потреба повторно да потсетам дека не беа залудни, зашто истите тие вработени сфатија дека претходниот раководен тим на “Електростопанство на Македонија” работеше во обланди, онака како што ни прејудицира колегата Мавровски за сегашниот менаџерски тим.

Имено, во 2002 година, кога се случи превработување, го поткрепија со податокот дека тоа превработување ќе прејудицира само 1% зголемување на трошоците. Јас можам да кажам на пример од “Електродистрибуција” - Струга дека тоа превработување придонесе платниот фонд да се зголеми за 61,17%, наспроти податокот дека од 1998 година до 2002 година и бројот на трафостаниците и бројот на филометрите изградени во мрежа беше само 1%.

Што се однесува до успехот на “Електростопанство на Македонија”, покрај податоците што ги елаборираше министерот, јас сакам да речам дека најголемиот успех, “Електростопанство на Македонија” го достигна сега што се ослободи од клептоманијата сеопшта што владееше во минатите 4 години.

Исто така, да го поткрепам тоа што тврдам дека за колегата Мавровски сее магла, тогаш кога расправавме за вработените кажува една невистина и ги

собра симпатиите на граѓаните, удри по сентименталноста со податокот дека беше избркан, човек со процент капацитет, што завршил со просек 10.

Од правно кадровскиот сектор на “Електростопанство на Македонија” имам податок дека само 7,015% имал просек тој студент што наводно бил избркан.

Исто така, сакам да кажам дека за нетранспарентноста на приватизацијата, тврди колегата дека тие би можеле многу повеќе на прав начин да ја направат. Се согласувам тука, затоа што покажаа со “Телеком” како го направија тоа и ден ден ги чувствуваме последиците. И да го повикам колегата Спиро Мавровски да не лее крокодилски солзи за вработените на кои што не ќе им се понудат акции, за што јас сум тука. Да ве потсетам до 1995 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам госпоѓо Јаневска. Ви поминаа трите минути.

Да се договориме вака. Сите кои што мислат да дадат реплика на првото излагање на господинот Спиро Мавровски нека се пријават сега. Потоа нема да дадав, бидејќи после излегуваат реплики на реплики. Кој мисли да даде реплика на првото излагање на господинот Спиро Мавровски нека се пријави сега.

Сега повелете господине Мавровски, имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дали некој ќе добие симпатии или не, одлучуваат граѓаните на Република Македонија. Но со лаги апсолутно, не се добиваат симпатии, а вие госпоѓо кажувате за некакво превработување и незнаете на какви места тие луѓе работат и со која одговорност. Работат на машини од по 50 милиони евра, за кои што никој апсолутно не може да биде виновен, освен “Електростопанство на Македонија”. Колку “Електростопанство на Македонија” е транспарентно е 10-те дена неработење на РЕК “Битола” од 1 до 10 јануари, тоа никаде не е екажано, затоа што сте многу транспарентни. Во однос на клептоманијата, очекувам за оние документи што му се предадени на јавниот обвинител многу брзо да каже, а што ќе се открие понатаму, како вие сега што кажувате очекувам дека брзо ќе се говори. Вие зборувате за “Телеком”, продадовте цело стопанство на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Тешко е да се реплицира на се она што беше искажано во дискусијата од господинот Мавровски, но три работи сакам да ги потенцирам.

Прво, незнам дали е став ова што го изнесе господинот Мавровски, негов или на ВМРО-ДПМНЕ, со оглед на тоа што само еден пратеник беше присутен од ВМРО-ДПМНЕ додека тој дискутираше и незнам дали Пратеничката група се согласува за да може на таков начин да дискутираме. Тоа е првата работа.

Втората работа е околу тоа дека ние не можеме да дискутираме за оваа проблематика, бидејќи не сме работеле во “Електростопанство на Македонија”, па не ги знаеме работиме. Во “Електростопанство на Македонија” не работат само електроинженери и машински инженери и дека е тоа само производство. “Електростопанство на Македонија” е еден комплексен проблем во кој работат и економисти, има работа и за правници и за сите, така да од сите аспекти можеме да си го кажеме своето мислење и не може апсолутно да биде во право само господинот Мавровски. Дека не е во право, еве ќе кажам нешто и за економистите, не само за електроинженерите и машинските инженери кои што работеле во РЕК. Јас имам податоци за “Електростопанство на Македонија”. Во оваа година заштети во РЕК се направени, а со ова не ги правдам тие во РЕК ако имаат направено што кажува господин Мавровски некои свои потреби, нека си одговараат. Јас ќе се послужам со податоци. Во оваа година се заштедени 2 милиони евра за откривка на јаловина преку приватно ангажирање лица, тие знаат кои добро работат таму и само тоа ни покажува на еден податок дека преку приватни лица претходната година излегле повеќе од 2 милиони евра во РЕК. Од тука таа грижа за вработените.

Второ, околу потрошувачката на мазут. Јасно ни е господине Мавровски како ден дека преку тоа се земале пари и се переле. Што се неспособни другите да докажат, тоа е друго прашање.

И последното прашање околу акциите за вработените. Јас поддржувам вработените да земаат акции. Но, истовремено зошто не го отворивте прашањето каде сме сите ние граѓани на Република Македонија што цел век некои наши родители и ние сме инвестирале преку самопридонеси во изградба на мрежи, вложувала администрацијата во Република Македонија. Зошто и така не го поставите прашањето. Моето мислење е дека од каде е вашаето право дека вие сте работеле 20 години во “Електростопанство на Македонија” да имате право на акција, а јас кој што сум вложувал сопствени средства за мрежата во моето село Кравари,

или некој друг во Кратово, или во Делчево, да нема право на акции. Сметам дека тука треба да изградиме консензус. Да, за вработените во “Електростопанство на Македонија” еден процент, но да и за сите граѓани на Република Македонија кои што вложувале во “Електростопанство на Македонија” и кои што со свои средства, со самопридонеси придонеле за “Електростопанство на Македонија” да биде на ова ниво. И на крајот се покажува дека цела грижа за вработените ви е наводна и лажна, бидејќи во изминативе 4 години безмилосно ги трошевте парите, кои што тие вработени во “Електростопанство на Македонија” ги заработуваа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам навистина е јасно, нападот е отворен, нема проблем, ние сме широки, ќе примиме поголем напад, но господинот Слободан Најдовски, апсолутно не е во контекст со ова што го говори, бидејќи ништо не познава од оваа проблематика за откривката 2 милиони, јас можам да му кажам дека во тие 4 години ние заштедивме 37 милиони евра господине Најдовски. И тоа документирано ќе го видите. Колку го заштедил сето тоа. Кажавте дека има во “Електростопанство на Македонија” и правници и економисти, но господинот Панде Лазаров ангажира и адвокати за да ја завршат работата, хонорарно со 45.000 додаток и 200 евра по секој вработен и тоа ќе ви го прочитам како документ тука од Управен одбор, за да знаете, да немате проблеми, а ова што го говорите на крајот дека треба да има акции, јас не реков дека не треба да има акции. Вие нудите тука, а незнаете самите што нудите. Дали Пратеничката група е со мене или не, еве и тие се тука да ги оставите и нив да кажат нешто. Едноставно, треба да се разбереме со вас кога ќе дојде Пратеничката група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема повеќе реплики во однос на господинот Спиро Мавровски. Сега одиме на репликите во однос на излагањето на министерот.

Прв реплика има господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе. Во излагањето на министерот беа искажани пвоеќе податоци, од каде што не може да се види конкретната ситуација, но само се кажуваат бројки, со една цел верувајтеми на она што го зборувам.

Меѓутоа, имајќи предвид некои логички прашања, кои што треба да се поставаат по овој основ, сакам да му ги поставам тие прашања на министерот. Така, првото прашање би било кои се ефектите од покачувањето на електричната енергија, затоа што вашиот претходник министерот за економија кажа дека покачувањето на данокот на додадена вредност нема да предизвика покачување на цената на електричната енергија во минатата година.

Втора работа која што сакам да ве прашам, дали имате намера да ја покачите цената на електричната енергија во оваа година и зошто.

Понатаму, велите дека потрошувачката на електричната енергија е зголемена и затоа имате зголемен увоз на електрична енергија. Ако е тоа така, тогаш како е можно да се зголемува увозот на електричната енергија кога имате пад на индустриското производство од цели 50%, поточно 48%.

Понатаму, велите дека наплатата е зголемена за 23%. Дали тоа значи дека социјалната состојба на домаќинствата е подобра и заради тоа имаат поголема моќ да плаќаат, или пак имате задоволувачка наплата во кризните региони, онаму каде што наплатата беше под секое ниво.

Или пак, нема индустриски капацитети кои што трошат електрична енергија и поради тоа нема потреба од наплата на електрична енергија, затоа што сите индустриски капацитети, најголем дел не работат посебно овие година и нешто откако е на власт оваа Влада.

Понатаму, намалувањето на загубите. Велите дека е направено, меѓутоа дали е тоа реално затоа што сведоци сме сите ние дека на почетокот на јануари месец оваа година имавме сметки од кои ги заболе глава сите домаќинства и дали тоа значи дали во тие сметки се внесени киловат часови електрична енергија кои што значат покривање на загубите кои што требаше да бидат прикажани како загуби во Електростопанство на Македонија.

Трета работа, ништо не кажавте што значи овој закон по однос на цената на електричната енергија. Ништо не кажавте што значи овој закон по однос на зачувувањето на работните места на вработените во Електростопанство на

Македонија и ништо не кажавте во однос на утврдувањето на имотната состојба. Дали имате имотни листови за имотот на Електростопанство на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господин министер.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Дали имаме намера да ја покачиме цената на електричната енергија ќе си одлучи регулаторната комисија.

Околу зголемувањето на производството на електрична енергија јас го дадов податокот за 2003 година а вие зборувате за пад на индустриското производство во 2004 година јануари месец, што значи зборуваме за два различни временски периоди што апсолутно не држи.

Што значи овој закон по основ на тоа дали ќе има предизвик за покачување на електричната енергија и што тоа значи по однос на тоа дали работниците ќе ги изгубат своите работни места или нема да ги изгубат работните места. Јас сакам да бидеме максимално коректни и недволични затоа што уште во текот на претходната Влада и токму консултантите и Светската банка укажуваа дека во АД Електростопанство на Македонија има превработеност и на тоа прашање треба сериозно внимание да му се посвети. Наместо тоа тие над 1000 вработени и како резултат на тоа дојде до соодветен балас.

Прашањето на преструктуирањето, а подоцна и приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија значи и во овој дел сериозно треба да се размислува со колкав број Електростопанство ќе ги обавува своите функции. Тој треба да се движи секогаш на нивото на еден оптимум, а никако тоа не значи да падне под број што би значел закочување на нормалниот процес на производство, ниту број кој што ќе значи негово оптеретување односно зголемување на неговите трошоци и правејќи го него неконкурентен на пазарот во Југоисточна Европа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Драго Шајноски а нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Би сакал и јас да се вклучам  во дискусијата по оваа точка со едно мое кратко излагање.

Во дискусијата ќе опфатам три моменти и тоа под прво начинот на кој се носи овој закон

Второ дали носењето на еден ваков закон не претставува покритие од Собранието за брзата приватизација на Електростопанство на Македонија што сака да се направи и

Трето околу моделите за преструктуирањето на Електростопанство.

Прво околу начинот на носењето на законот би рекол дека законот за реструктуирање на Електростопанство, кој сега се предлага е напишан на едно две страници и вкупно содржи 10 членови. За една ваква сериозна проблематика ова е несериозен закон. Искуствата кај другите земји кај кои енергетскиот систем е компатабилен со нашиот, какви што се Хрватска, Бугарија, Грција и други покажуваат дека овој закон бил предмет на поопсежни анализи во јавноста во кои биле вклучени сите релевантни фактори во државата. Законот во овие држави е носен во редовна, а не по итна, скратена постапка и е напишан на повеќе од 200 страници. Се разбира обемот на страниците не е мерило за квалитетот, но односите кои треба да се дефинираат помеѓу настанатите субјекти со поделбата на Електростопанство наложуваат ваков обем да се обезбеди едно значајно и јасно функционирање на системот, а со самото тоа и стабилност на истиот што е основно енергетско барање или прашање.

Второ околу сомнежот дека овој закон е покритие на Собранието за брза приватизација на Електростопанство.

Во законот во членот 7 се третира и приватизацијата на Електростопанство на Македонија. Мора јасно да се назнажи дека процесите на реструктуирање и приватизација на електроенергетските компании се сосема различни и независни процеси еден од друг. Реструктуирањето значи извлекување на преносниот систем на Електростопанство на Македонија и ставање на располагање на другите субјекти кои би се појавиле на енергетскиот пазар со што би се укинала монополската положба на Електростопанство на Македонија во поглед на снабдувањето со електрична енергија.

Тарифите за користење на преносниот систем треба да ги определи регулаторната комисија и да бидат исти за сите ужесници на пазарот. Ова мора да се направи за да се исполни директивата на ЕУ и нашиот систем да стане компатабилен со енергетскиот систем на земјите од Европската унија. Јасно е дека ваква задача имаат и останатите земји во регионот. Реструктуирањето е завршено

во Хрватска, Словенија, Грција, Романија, Бугарија и други земји, а од овој регион со исклучок на Албанија, Србија, Црна Гора и Република Српска и секако Македонија. Рокот за завршување на оваа активност беше крајот на 2003 година, но кога претходната Влада го започна овој процес беше жестоко нападната од сегашната власт, тогашна опозиција дека ги продава националните интереси, а сега кога е власт истата таа тогашна опозиција тврди дека е национална потреба Електростопанство на Македонија веднаш да се приватизира.

Што се случи за да имаме ваква трансформација во мислењето на СДСМ.

Ако власта мисли дека со парите од продажбата на Електростопанство на Македонија ќе ги реши економските проблеми во земјата се лаже. Уште пострашно е што ваквата намера ќе значи дека се нема идеја како да не извлече од економската криза во која се наоѓаме. Падот на индустриското производство од 45%, над 400 иљади невработени и немање инвестиции не се решава само готови пари кои треба едноставно да се потрошат, туку треба работа, треба инвестиции, а оваа Влада инвеститорите ги брка или прави проблеми без причини. Примери за тоа во моментот има многу - Лозар Битола, ЕМО Охрид, 11 Октомври Скопје, Топилница Велес, ОКТА и други.

Во ниедна од земјите каде што е извршено реструктуирање не е извршена приватизација. Евентуалната приватизација во овој момент со оглед на цената на струјата во регионот неминовно ќе доведе до големо покачување на цената на струјата во земјата.

Од друга страна ако се избере модел на приватизација на парче, како што се заговара во некој кругови можно е профитабилните делови да преминат во рацете на некои компании, а баластот да остане грижа на државата со што би се направила двојна штета. Оттука јасно произлегува дека реструктуирањето е процес кој мора да се направи и затоа е потребно да се напише нов закон кој целосно и професионално ќе ја регулира дадената проблематика. Приватизацијата е предмет на друга процедура и непотребно е да се споменува во овој закон. Затоа потребно е да се избришат сите клаузули за приватизацијата од овој закон и да се преработи на професионално ниво кое ќе ги опфати сите аспекти на реструктуирањето. Доколку ова не се направи останува сомнежот дека овој обид да се изврши приватизација на Електростопанство на Македонија на мала врата и да се покрие истата со овој закон.

Нешто околу моделот на реструктуирање.

Во рамките на Европската унија постојат неколку препорачливи модели за реструктуирање на електростопанските претпријатија. Некој од нив се полиберални, други помалку но сите ги содржат минималните услови за издвојување на преносот од остатокот на системот. Закот кој го предлага Владата не дефинира кој од моделите ги применува. Не дефинира кои се субјектите на пазарот на електрична енергија и што е најважно не дефинира кои се одговорностите на поедини субјекти што ја обезбедуваат стабилноста на системот односно обезбедуваат да не настане распад на електро енергетскиот систем, како што тоа беше случај во неколку земји.

Имено, во секој од моделите предложени од страна на Европската унија и УЦТЕ овие односи строго се дефинирани и на тој начин јасна е улогата на секој субјект во ланецот на снабдување со електрична енергија. Значи, прво моделот а потоа и наведените односи кои од него произлегуваат мора да се составен дел од законот кој е предмет на оваа дискусија. Без тоа останува нејасно кој ќе одговара за стабилноста на електроенергетскиот систем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Аднан Јашари, а нека се подготви пратеникот Благој Голомеов.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Ќе се обидам да го кажам тоа што го реков и на Комисијата за економски прашања. Пред се да бидам начелен и нормално конструктивен, да не се повторувам со тоа што се кажа досега.

Понудениот предлог од страна на предлагачот за преобразба на АД Електростопанство на Македонија мислам дека е еден потребен и неопходен предлог над се од неколку причини. Пред да ги кажам основните причини за една ваква преобразба сакам да дадам неколку објаснувања во врска со самиот поим преобразба.

Почитувани колеги,

Преобразбата како збор во себе содржи статусни белези или преод на еден субјект од една форма во друга форма и овој преод таков каков што е предвиден во самиот текст на овој предлог може да се направи на неколку начини.

Три начини се основни начини на преобразба на субјектите воопшто, на економските субјекти.

Тоа е соединување, придружување и тоа што се нуди сега поделбата како еден основен начини или за преобразба на економските објекти од една форма или од еден статус во друг статус. Преку овој предлог се нуди варијантата на поделба на тоа што се нарекува АД Електростопанство на Македонија во две акционерски друштва со можност во овие друштва во иднина да се основаат и други трговски друштва.

Овде ќе го кажам и ова. Со самиот факт на преобразба или на поделба постоечкиот субјект Електростопанство на Македонија понатаму нема да ја има оваа форма и овој статус, туку од овде ќе се родат два други субјекти ќе бидат како наследници на постоечкиот субјект.

Покрај преобразбата законот за кој што говориме претставува основа, законска рамка за приватизација за субјект кој што се нарекува Електростопанство на Македонија. Нормално се предвидува тоа што е традиционално, приватизацијата да се направи на неколку начини, било преку продажба на акции во капитални делови кои се поделени во акции или контролирачки пакет на акции, или на други начини. Сигурно овој начин на приватизација на капиталот на АД Електростопанство на Македонија ќе се предвидува со закон кој во иднина ќе се усвои во ова Собрание. Јас навистина не знам што може да биде спорно во оваа насока.

Членот 7 алинеја 1 точка 3 во законот е многу јасна. Во три точки се предвидуваат три основни начини на приватизација или на продажба на акции на АД Електростопанство на Македонија. Сето ова треба да се направи во рамките на тоа што се нарекува закон, било на овој закон кој претставува основа за усвојување на еден закон кој што во иднина ќе биде закон за приватизација на капиталот на АД Електростопанство на Македонија.

Лично мислам дека анализирајќи ги сите трендови во Европа, трендови кои што имаат врска со формирање на заеднички пазар во областа на електросистемот од една страна и од друга страна имајќи ги предвид трендовите кои одат во замена на електроенергетскиот систем со системот на природниот гас се поставува прашање на создавање услови за развој и во оваа насока. Нормално е во услови кога електроенергетскиот систем во Македонија се соочува со многу проблеми, проблеми во врска со еден застарен систем и по технологија и со тенденција на неможност на исполнување на сите барања на потрошувачите било

од аспект на количество или квантитет, или од аспект токму на квалитетот и од друга страна во услови кога овој систем и ова друштво се соочува со недостиг накапитал за инвестирање за да се направи на техничкиот и технолошкиот систем со право се поставува прашање кои се тие дејства кои што треба да се преземат за да се надминат овие проблеми.

Токму ова би рекол дека е основното прашање зошто предлагачот оди со варијантата на приватизација или поделба на АД Електростопанство на Македонија во два други субјекта. Со оваа поделба јас сум убеден дека ќе се создадат услови во иднина да се направи привлекување на странски инвеститори. Посебно во оваа област ќе дојде до израз концесијата на разни видови како еден од основните третмани на странските директни инвестиции.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Благој Голомеов а нека се подготви пратеникот Цветле Јаневска.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитувани колеги, советници во Министерството за економија,

За малку и ќе се откажев од дискусија бидејќи како почна да не кара колегата Спире Мавровски сите ние што не работиме директно во Електростопанство веројатно ќе добиеме комплекс дали воопшто можеме да дискутираме на оваа тема.

На почетокот морам да констатирам дека со ваква ефикасност во работата на нашиот Парламент, чија една седница ги чини граѓаните околу 15 илјади евра, хармонизирањето на нашето законодавство со она на Европската унија кон која аклимативно се стремиме може да биде само мислена именка. Веројатно под поимот конструктивност опозицијата подразбира бескрајно долги и јалови дискусии во кои една иста тема или теза или факт, или аргумент ќе се повторува десетина или повеќе пати, притоа обавезно или по правило ќе се лијат крокодилски солзи за тоа колку му е тешко на овој народ со оваа Влада.

Ако барем малку беа искрени и вака ревносни во претходниот мандат додека ја практикуваа власта, немаше да ни се случат такви приватизации пред се криминогени како што беа приватизациите на двата претходни системи тоа е Окта и Телекомуникации. При што овозможија инсталирање на таков монопол на

територијата на Република Македонија што граѓаните на Република Македонија ги чини многу. Неколку пати се подигнати цените на овие услуги, а ако ги прашате дали имаат подобрување во однос на понудата, тоа тешко може да се почувствува. Јас сум песимист и во однос на бескрајното траење на тој монопол посебно во рамките на Телекомуникациите, бидејќи со давањето под концесија на телекомуникациската мрежа до 2018 година, јас сум лично скептичен дека некој друг оператор ќе влезе во скоро време, иако при крајот на 2004 година Владата може да распише нов тендер за нов оператор, меѓутоа не сум баш оптимист во тој поглед. На таков начин се водеа приватизациите на два значајни система кои беа во посед на граѓаните на Република Македонија. Сега дали тоа значи дека поради таквото искуство треба ние да престанеме со интеграциите регионални и пошироки, односно со интегрирањето кон ЕУ, со тоа што останатите системи, посебно електроенергетскиот систем ќе го интегрираме и нема да дозволиме тој да се претвори во слепо црево или да се гетоизира. Ова е мал закон, меѓутоа многу значаен, побудува интерес кај граѓаните на Република Македонија и се поставуваат две прашања: дали е потребно реструктуирање и приватизација на дел од Електростопанство и дали сме способни ова да го направиме на еден транспарентен начин и во интерес на Република Македонија и нејзините граѓани.

Јас по однос на првото прашање би одговорил дека е потребно ресструктуирањето и приватизацијата и отворање на можност за приватизација на дел од електростопанство бидејќи јасно е дека со реструктуирањето електроенергетскиот систем на Република Македонија ќе се подели на два дела, едниот е производство и дистрибуција и снабдување на електрична енергија а другиот е пренос и управување со електроенергетскиот систем. Самото тоа што со овој закон се врши поделба, ваква поделба на електроенергетскиот систем и со самиот факт дека преносот и управувањето со електроенергетскиот систем ќе остане во сопственост на Република Македонија во старт се елиминираат главните претпоставки да се инсталира нов монопол и во оваа сфера на територијата на Република Македонија кој е пак предуслов за тоа граѓаните да плаќаат енормни цени за електрична енергија, односно да го платат на крајот цехот од една таква нелогична приватизација. Тоа не е и единствен услов да не се воспостави монопол, меѓутоа, е најбитен. Со тоа и Владата покажува дека нема намера да влегува во исти грешки кои беа направени при претходното приватизирање на овие големи системи. Јас би рекол уште нешто, дали некој воопшто смета дека меѓународните

финансиски институции ќе ни дозволат уште една криминална приватизација. Тоа би значело неприближување кон ЕУ, туку дефакто оддалечување од истата. Мислам дека оваа Влада не може да си дозволи таков луксуз и затоа убеден сум дека приватизацијата доколку дојде до неа ќе се води на еден транспарентен начин. Впрочем во самиот закон членот 7 кој многу се цитира овде јасно покажува дека таа приватизација на дел од Електроенергетскиот систем може да се случи преку продажба на малцински пакети од акции со вклучување на договор со меѓународни финансиски институции, за тоа говореше г-динот министер за економија, или на друг начин утврден со закон. Значи, и ако дојде до приватизација, таа приватизација ќе биде законски верификувана во овој Парламент преку закон, а со тоа мора да биде едноставно транспарентна и на увид на јавноста. И нема да ни се случи да дознаеме за одредби на договор за ккупопродажба на Окта после две години на пример од нејзината продажба, која е извршена во четири очи. Значи, тоа е околу транспарентноста на целиот овој процес што би следел со донесувањето на овој закон.

Од друга страна свесни сме дека во Република Македонија расте потребата и квантитативно и во квалитативен поглед од зголемена потрошувачка на електрична енергија, бидејќи таа е основен двигател на економскиот развој. А, од друга страна имаме перманентно техничко технолошко и економско слабеење на нашиот електроенергетски систем. Во такви услови постои опасност да се гетоизираме во енергетски поглед да се претвориме во слепо црево во однос на поширокиот регион, а тоа ќе ни се случи доколку час поскоро не обезбедиме обемни и квалитетни инвестиции во оваа сфера. А такви инвестиции нема да дојдат доколку не го комерцијализираме овој сегмент, односно со ваква организација, со ваква ефикасност и ефективност на работата на нашиот електроенергетски систем сигурно дека никој сериозен инвеститор нема да влезе и да инвестира во оваа сфера во Република Македонија . Од друга стсрана имајќи ги предвид директивите на ЕУ, и трендот кој е денес во Европа а кој се однесува на формирање на регионални пазари на електрична енергија, а во тој контекст и иницијативите за формирање на регионален пазар на електрична енергија во југоисточна енергија, јасно бара од нас да извршиме и реструктуирање и да отвориме можност за влегување на квалитетни инвестиции во оваа сфера, ако сакаме да станеме дел од тој регионален пазар. Во спротивно ќе ни се случи она на што претходно укажав. Имајќи го во предвид сето ова, јас ќе го поддржам, а и пратеничката група на Либерално-демократската партија

ќе го поддржиме овој закон бидејќи со него се отвора можност за квалитетно да се разрешат проблемите во оваа електроенергетска сфера која пак ќе повторам е суштинска и претставува двигател и основен предуслов за било каков економски импулс односно економски развој на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-дин Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуваниот колега Голомеов на двапати во своето излагање изрази увереност дека целата оваа постапка во Собранието ќе се заврши, затоа што и предложените законски акти тоа го претпоставуваат, ќе се заврши на еден транспарентен начин, притоа заборавајќи дека пак од друга страна својата дискусија ја започнал со прашањето зошто воопшто се потребни вакви дебати, петпоставувам толку обемни, мислејќи на почитуваниот колега Мавровски кој беше доста елоквентен во она што го зборуваше тука. За да не ни се случува г-дине Голомеов она што ни се случуваше при таканаречениот законски предлог Бранковиот закон кој подоцна Владата кажа дека е чисто промашување, или да не ни се случува она еуфорично однесување на шефот на македонската дипломатија и актуелниот министер за одбрана, исто така од еуфорија нивната крива на однесување да заврши како што заврши во петокот овде во зградата на Собранието на Република Македонија . И конечно барем од министерот за економија можеби очекувавме да видиме законски текст кој ќе ги надмине квалитетите на законскиот текст поднесен од еден негов колега во Владата на г-динот Црвенковски за кој ние во Собраниево дебатиравме практично еднаш 24 часа, а тоа е легализацијата на дивиот универзитет каде што освен 5 плински решоа, немаше апсолутно ништо. Овде досега што слушнавме од министерот за економија дека во регулаторната комисија оној претставник кој како посебен квалитет во биографијата е истакнато дека поседува возачка категорија од Б категорија и дека Владата нема претстава дали цената на струјата ќе се покачи, или нема да се покачи, затоа што тоа едноставно сега е обврска на регулаторното тело. Првиот министер за финансии во Владата на г-динот Црвенковски јавно не убедуваше дека цената на електричната енергија нема да се покачи. За жал набрзо бевме демантирани. И јас би сакал министерот за економија повеќе во јавноста да излегуваше и да зборуваше за овој законски проект кој ќе биде на дневен ред во Собранието, а министерот за економија еден ден водеше крстоносна војна со правосудниот систем и со судиите во земјава, а

следниот ден во недела, се закануваше пред инспекторите во подрачните единици на Министерството за економија кој пак како резултат на нивната активност од македонските пазари ширум земјава пишуваат вистински елаборати во споредба со тоа што тој ни го предлага денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Прво, јас незнам дали ова беше реплика на мојата дискусија, или на министерот. Меѓутоа, колку сме елоквентни и конструктивни, односно колку се елоквентни и конструктивни излагањата на опозицијата ќе цени електоратот, односно ќе ценат граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, и во оваа реплика се говореше за се и сешто, а најмалку за овој закон, односно најмалку за дискусијата која беше предмет на реплика. Со тоа уште еднаш се покажува колку сме конструктивни и колку сакаме ефикасно да работи овој Парламент. Јас не се сеќавам да било кој законски проект да не е дочекан на нож од страна на опозицијата и со бескрајни маневрирања на јалови дискусии, да не се прави обид истиот да биде блокиран.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Спиро Мавровски:

СПИРО МАРОВСКИ:

Еве, повторно слушаме демагогија. Ние кажавме дека едноставно треба да се говори за законот и тоа е наше уставно право и ние токму за тоа сме тука. Но, некој да говори за работи кои што се директно поврзани со производството на електрична енергија, со мазутот, со ископот на јаловината и со незнам уште кои се не работи, мислам дека воопшто не приличи. Јас имав една иницијатива да го посетиме РЕК Битола. Г-динот Черепналковски сум го видел, апсолутно никој друг. Мислам дека ќе беше добро да видиме за што говориме. Но, сепак, тоа е тоа. Некој тука беше горд дека го запрел законот и дека говорел три дена и тој закон не е донесен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, ова веќе не е реплика на излагањето.

Држете се до ставовите на дискутантот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ваква опозиција каква што вие сакате апсолутно сите предлози на Владата да бидат изгласани тука, да ви држиме и кворум, мислам дека нема да најдете нигде,

посебно тука кај нас и покрај тоа што многу одлуки ги донесовте со кворум од опозицијата. Но, јас сакам да кажам една работа, да не бидам погрешно разбран, сакам да говорам за она што го познавам и мислам дека во интерес на сите пратеници е да разберат за што се работи. Мојата цел беше токму таа, никого да не ограничам, секој може да си ја прави својата дискусија колку што сака и на каков начин сака да презентира. Затоа уште еднаш знам што е најбитно, но во моето наредно излагање ќе се обидам да објаснам повеќе.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Јас право да ви кажам искрено и сега незнам на што се однесуваше репликата и на кој дел од мојата дискусија се однесуваше. А со самото тоа се потврдува веќе изнесеното, мислам моето изнесено  тврдење дека со јалови и непродуктивни дискусии не се постигнува конструктивност во настапите на опозицијата. Напротив, само се блокира работата на Парламентот, а со тоа впрочем судот и граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претходниот дискутант г-динот Голомеов вели дека не требало да се приватизира Телеком, дека тоа било грешка  и дека тоа е нивни став. Меѓутоа, зборуваат за брза приватизација на Електростопанство на Македонија. Мене тука ми остана една нејаснотија за што конкртно се залага г-динот или зошто не сака преструктуирање на ЕСМ, потоа приватизација во која што ќе бидат заштитени интересите на вработените на Електростопанство на Македонија, на државата Република Македонија  како и претходно оспособување на Електростопанство на Македонија за настапување на регионалниот пазар на електрична енергија, или пак сака само брза приватизација на  Електростопанство на Македонија со цел тоа да биде продадено и Електростопанство на Македонија да биде приватизирано онака како што беше приватизиран општествениот капитал кој што предизвика уништување на приватизираните економски субјекти, отпуштање на нивните вработени и целосно назадување на македонската економија со последици кои што значат 400 илјади невработени кои што значат огромна сиромаштија, кои што значат отсуство на инвестиции и замирање на секаква иницијатива за отворање на работни места. Сакам да искажам една работа во однос на тоа дали треба да дискутираме, или не треба да дискутираме како Собрание. Со самиот факт дека вие велите дека

не треба многу да се дискутира, или дека не треба да се искажуваат ставовите на ова Собрание прифаќате еден модел во кој што Собранието е дерогирано кое и онака во поглед на начинот на гласање и настапите на позицијата, значат само одбрана на ставовите на Владата, наместо искажување на сопствени ставови и мислења. Сметам дека на тој начин само покажувате на кој начин го третирате ова Собрание, односно дека тоа не претставува контрола на извршната власт, туку претставува начин за верификација на она што го предлага Владата независно од тоа дали е тоа квалитетно, или не.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Прво, да се разбереме, една работа. Јас не реков дека Телекомуникацискиот систем не требаше да се приватизира. Јас реков дека тој се приватизира на криминален начин. И сега тврдам дека тој систем како таков заради неговата активност, заради квалитетни инвестиции во него требаше да се приватизира, меѓутоа, со неговата приватизација сега требаше да имаме неколку оператори во Република Македонија и требаше да имаме многу повисоко ниво на услуги, бидејќи имавме еден систем кој беше еден од најнапредните во овој дел од Европа. И тоа ако имавме транспарентна приватизација во функција на интересите на Република Македонија и нејзините граѓани, ние ќе имавме денес многу поевтини и многу поквалитетни услуги од овие што ги плаќаат граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, јас би сакала прво да прашам, дали г-динот Голомеов е финансиски раководител на Собранието на Република Македонија , кога во своето искажување постојано укажува дека секоја седница на Собранието ја чини државата, или народните пари 15 илјади евра. За да не бидам неразбрана затоа што се жалеше на претходните реплики дека не бил разбран. Значи конкретно прашувам и дали тоа значи дека вие како претседател на Собранието на Република Македонија не се грижите за народните пари, па во петокот закажете седница само за Предлог одлуката за правилата за рамноправен присап во медиумското претставување. Тоа не се однесува на Вас, на колегата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да одговорам. Прво, не беше петок, четврток беше. Така што бидете прецизни, бидејќи ова може да се свати прашање само заради прашање, бидејќи точно не го кажавте денот.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Јас морам да кажам дека ова што го изреков, го изрекувам прв пат, меѓутоа не можам, а да не искажам загриженост за средствата кои истекуваат сепак од џебовите на граѓаните. А што ќе се случеше ако продолжеше и она правило 100 денари за закон, а 50 денари за амандман, можеме само да замислиме колку ќе чинеа овие седници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да одговорам на обвинувањето, или прашањето, дали се грижам. Имаме закони кои што треба да се донесат и ние ќе работиме ако треба и секој ден. А ќе видиме дали ги почитуваме парите на граѓаниве откако ќе завршат буџетските пари, па тогаш ќе работиме и без пари, па тогаш ќе видам дали ќе се грижиме, или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Даневски имате реплика три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дина претседателе, дами и г-да пратеници,

Мислам дека воведовме една пракса, му се обраќам на г. Голомеов, постојано ние ампутираме дека приватизација на Телеком е криминализирана и дека е злоупотребена. Крајно време е ова прашање да се затвори. Ако се враќаме назад, кој ја почна постапката, како одеше целата претпривазициона постапка , јас ќе ве потсетам, јас и тогаш бев пратеник, во овој Парламент дискутиравме уште тогаш, 1998 година, почнаа првите прелиминарни преговори со Светска банка и во 1998 година се стартуваше со приватизацијата на Телекомот. Тоа што некој сака да укаже дека не било транспарентно е нотoрна лага. Ако има нешто внатре , во дилот, правено, тоа е нешто друго. Инаку транспарентна беше приватизацијата на Телеком и во тоа време се земени најголеми пари , проверете го тоа, затоа што после таа година кога одеше на приватизација Телеком, се направи општ тренд, паѓаа акциите на сите телефони во светот. Ако има некоја злоупотреба внатре, во дилот тоа е друга работа. Инаку Телеком е најдобро приватизирана фирма во Европа. За

парите, дали се злоупотребени или не се злоупотребени, тоа е друго прашање. Да не ги мешаме работите. Најдобро платена приватизација за Телеком во Европа има направено односон добиено Македонски Телеком. Реков, не влегувам во тоа дали има злоупотреба внатре, од средствата на Телеком. Да не ги мешаме работите и да не пласираме невистини во јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Голомеов, сакате реплика една минута.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Сигурно г. Даневски има одредени податоци, бидејќи тој беше член на Управниот одбор на Телеком, неколку години и ги бранеше интересите на граѓаните. Да, со Светска банка се преговараше дека треба да се влезе во приватизација на Телеком, меѓутоа не на 51% од Телекомот односон од фирмата со која на Владата на Република Македонија  и се врзаа рацете за било каква контрола и бола каква одбрана на интересите на граѓаните на Република Македонија . ЛДП држеше две ПРЕС  конференции. Ние се обидовме да изнајдеме некои механизми на кој начин да им помогнеме на граѓаните на Република Македонија , меѓутоа тоа е таква приватизација со која инвеститорот е заштитен како белите мечки, што рече г. Најдовски во една прилика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Сакам да дадам свое видување на Предлогот за донесување закон за преобразба на ЕСМ.

Без сомнение електроенергетскиот систем е столбот на една држава и без стабилен и сигурен електроенергетски систем, нема ниту сигурна иднина за земјата ниту за македонското стопанство.

Поајѓајќи од максимата дека електричната енергија претставува крвоток на современото живеење, трендот на постоен порастл на побарувачка на електрична енергија треба одамна да е апсолвиран. Заради очекуваниот пак, се надевам,

проектиран пораст во економијата и севкупното стопанство, во тој склоп и на планираниот пораст на побарувачката од електрична енергија од 3,7% на годишно ниво, според и сегашниот главен стратешки плански документ, Билансот, императивно се налага потребата од едно планско предвремено, навремено, прединвестирање, би рекла , во изградба на електроенергетските капацитети.

Факт е дека од пуштањето во погон на третиот погон во РЕК Битока, а тоа беше во далечната 1983 година, во нашиот електроенергетски систем не е пуштена ниту една нова термо или хидроелектрична централа. Ваквиот застој во изградбата на нови производни капацитети, наспроти постојаните побарувања и нвно зголемување од потреби за електрична енергија, за потрошувачите во земјата, сега и во блиска иднина, има и ќе има многу негативни последици.

Можеме да речеме дека во временскиот период од осамостојувањето на Република Македонија до денес , електроенергетските капацитети, колку толку, ги задоволуваат потребите од електрична енергија. Ова може слободно да се адресира на фактот дека стагнираа и не работеа индустриските капацитети, како и севкупната транзиција која се одвива во земјава. Меѓутоа, од сега натаму не треба да се дозволи ваков застој во динамиката на електроенергетскиот развој. Таквата динамика треба да го следи реалниот тренд на побарувачката од потребните количини на електрична енергија и моќност и тоа како на постојните, така и на идните потрошувачи, создавајќи им притоа услови и клима за нивно успешно итерполирање во економските текови. Повеќе не треба да постои дилема или пак одлагање на развојните решенија.

Се поставуваат прашањата каква ќе биде иднината на ЕСМ , што ќе се случува со енергетскиот систем по 10 години кога се трошат јагленовите резерви кои од ден во ден ги има се помалку, како ќе се задоволи потрошувачката во услови кога резервите на јаглен ниту се со тој квалитет, ниту пак ги има во доволни количини. Дали ЕСМ ќе има доволно средства за неопходниот увоз на електрична енергија, а уште повеќе дали ќе може да се активира ТЕЦ Неготино, кога цената на мазутот е превисока, за нејзиното работење. Значи, целиот систем ќе нема перспектива до колку навистина не се посвети внимание на состојбите за изнаоѓање на суровини, изградба и ревитализација на постојните капацитети. Притоа, секој електроенергетски систем бара развој и негово заокружување. Паралелно со овој развој на електрокапацитетите треба, исто така да се создаваат услови и за значајни интерколективни поврзувања со соседните електроенергетски системи. Сето ова

укажува дека што поскоро треба да се излезе на отворениот Пазар за да се избалансираат работи, да се изврши преструктуирање на електроенергетскиот систем, а потоа и либерализација на пазарот на електричната енергија. Треба во од' да се менува и строгоконзервативниот начин на стопанисување со енергијата која од своја страна пак неможе да обезбеди одржлив развој. Одтука радува фактот што со донесувањето на овој закон и тоа така како што се предлага, по скратена постапка, се овозможува ревитализација на еден значаен проект, проект за преобразба на ЕСМ кој во својата основа го има постулатот да се симне нивото на работење по работни целини, за да може јасно да се избројат сметките помеѓу одделните дејности. Тоа значи чисти сметки , да може да се види кој колку направи и колку заработил и да се направат интерни цени на основниот производ.

Сакам да ја потенцирам тешката задача која стои пред Владата на Република Македонија и пред менаџментот на ЕСМ во најголемата микроекономска реформа во државата. При стапувањето кон реализација на ваквата реформа, ја сваќам како уште еден доказ дека оваа Влада неотстапува од зацртаните реформи во агендата на својот мандат. Успехот во оваа реформа е уште еден чекор поблиску до асоцијацијата во Европа. Успешната преобразба на ЕСМ ќе може да стане и модел за микроекономска реформа.

Со овој закон се уредува преобразбата на АД  на ЕСМ , со раздвојување на друштвото на две нови друштва во државна сопственост, со што ќе се постигне издвојување на функцијата пренос на електричната енергија и управување со електроенергетскиот систем кој заедно со потребната инфраструктура ќе се приклучи на преносниот систем, оператор и друштво со дејност, производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија на крајните потрошувачи. Преобразбата опфаќа реструктуирање на компанијатаи приватизација.

Исто така, сакам да потенцирам дека во ЕСМ се прават успешни подготовки и се преземаат многу активности, компанијата да се вклопи во глобалните теково на електроенергетиката. Во ЕСМ повеќе нема неодговорно, нестручно, недомаќинско работење, јавашлук и партиски волонтаризам, туку поекономичон и посовесно работење. Компанијата катадневно се докажува како стручна, високопрофесионална организација која и според виталните интереси што ги извршува за целата држава е еден вид одговорен сервис ставен во функција на потрошувачите на електрична енергија. Новиот менаџерски тим во ЕСМ беше принуден, од веќе познатите причини, да работи на повеќе фронтови, да се санира, пред се ЕСМ, од

финансиските и другите дубиози, да обезбедува средства за тековна ликвидност, да ги сервисира обврските, но истовремено и да не го запоставува толку потребниот развој а во исто време да се подготвува и за реструктуирање, заокружувајќи ги техничко-технолошките целини.

Би сакала сега да ги искоментирам клучните предизвици со кои ќе се соочи електроенергетската компанија, ЕСМ, а во светлината на донесувањето и примената на овој закон за преобразба. Некои од нив ќе зависат од Владата, а некои директно од менаџментот на ЕСМ. Овие предизвици генерално би можеле да одат во неколку категории, пред се поизводствените капацитети. Енергетската вредност на сегашните производни капацитети на ЕСМ е околу 1450 мега вати. Врвниот товар односно највисоката вредност на потребата од електрична омќност сега е на ниво од 1300 мега вати. Вкупната потрошувачка годинава се очекува да достигне ниво од повеќе од 7,2 милијарди квтч, што во однос на минатата година кога беа потрошени над 6,4 милијарди, е пораст од  13%. Производството на електрична енергија е пак зголемена на 12%. Така, првиот предизвик и дил да се задоволи побарувачката. Притоа над 70% од електричната енергија која ја произведува ЕСМ,  се генерира во термоелектраните РЕК Битола и РЕК Осломеј, а остатокот се произведува од хидроелектраните.

Предизвикот на Македонија не е само да одговори на сегашните потреби туку да обезбеди и долгорочно снабдување со електрична енергија, а висината на потребните инвестиции за тоа, се енормни.

Како и повеќето електро компании во најголемиот дел европски земји, во периодот пред нивно преструктуирање, ЕСМ е вертикално интегриран монопол кој произведува, пренесува и дистрибуира електрична енергија. Со новиот закон компанијата ќе треба да се подели и да се реорганизира, за да се постави во еден нов режим на работа. Ова се прави соодветно на директивите и препораките на ЕУ, а воедно ќе претставува и предуслов за приватизација и конено, либерализација. Крајната цел на преструктуирањето би била, поделбата на ЕСМ на одреден број нови компании кои би оперирале на целиот имот и обврски на големото ЕСМ, како и на сите вработени.

За нас, кои подолго сме биле во ЕСМ, ова и не е некоја новина. Тоа ние го имавме и порано, затоа што во одреден период од постоењето на ова грандиозно претпријатие, истото беше организирано и функционираше со посебни техничко-технолошки и економски целини и тоа производство, пренос и дистрибуција. Во овој

период, јас знам, за електродистрибутивните претпријатија, минатогодишните инвестициони предвидувања беа поставени на логични и стручни основи. Беше отидено до таму што за секоја дистрибутивна организација се пресметуваше вистинската цена на чинење по испорачан кв час електрична енергија, од прагот на преносот до крајните потрошувачи. Ова беше еден мотивирачки критериум за сите вработени во дистрибутивните претпријатија, за намалување на трошоците за испорачан кв час од преносот до крајните потрошувачи што пак дирекно се одразува на лижните доходи, што ќе рече пак дека овие односи беа зачеток на вистинско пазарно работење во рамките на дистрибутивното претпријатие наречено Електро Македонија.

Исто така распределбата на средствата од инвестициониот фонд кој се формираше од издвојувањето од вкупниот поединечен приход на дистрибуциите, се вршеше пропорционално на вкупниот создаден доход од економските единици. Дистрибуциите имаа и свои посебни жиро сметки. Оттука ваквото позитивно емпирично искуство, во рамките на ЕСМ, чинам ја потврдува претпоставката за позитивен приод кон овој закон за електростопанство.

Да се вратам на актуелниот предлог и да дадам некој свој сугестии.

Производствените капацитети би требало да бидат поставени како посебни независни компании, или помали капацитети, интегрирани во една компанија, како што се некои од помалите електрани.

Вкупните преносни капацитети ќе бидат издвоени како посебна компанија, одговорна за оперирањето, одржувањето и развојот на електропреносниот систем во Македонија.

И конечно дистрибуцијата би била организирана во посебни деловни ентитети и компании, одговорни за снабдувањето и продажбата на електричната енергија на крајните корисници. Најпрвин треба да се направи проценка колку вакви дистрибутивни компании ќе биде потребно да се етаблираат во Македонија, како на пример поделба на региони. Во секој случај ќе треба повеќе од две вакви компании по регион, како би можел крајниот корисник да избира од кого ќе се снабдува со електрична енергија затоа што тоа е предусловот за дејствување во еден конкурентен и либерализиран пазар.

Неспорно е дека овој процес на реструктуирање е најглавната задача на ЕСМ. Ваквите компании ќе треба да се стекнат со одредени вештини и да се подготват да дејствуваат во конкурентни услови. Во овој домен ја потенцирам огромната важност на

вистински независната регулаторна комисија која ќе обезбедува фер и објективни процедури, ќе ги регулира тарифите, ќе помага да се надминат проблемите и недоразбирањата меѓу засегнатите страни. Само и откако ќе биде комплетирано реструктуирањето, Владата ќе може да започне и со приватизацијата. Јасно е дека во првата фаза на оваа приватизација може да се има и надеж да се продадат на стратешки инвеститор дел на електроенергетски објекти.

Како втор чекор ќе треба, на домашни или странски инвеститори да им се продадат концесии за градење и оперирање со нови капацитети, за термо, гасни или хидро електрани. Ова е единствен начин на кој Македонија ќе може да привлече странски инвеститор, да купи постоечка или да изгради нова електрана. Крајниот чекор во приватизацијата е да се продадат и дистрибутивните компании на стратешки инвеститор.

На крајот да заклучам дека, спроведувајќи правилна приватизација, што тоа го гарантира оваа Влада со нејзината решеност да биде до крај транспарентна, а тоа го докажува и Предлогот на овој закон, ќе доведе до значителен напредок за Република Македонија. Како резултат на продажба на повеќе компании, ќе се донесат нови инвестиции во земјава, во форма на изградба на нови електроенергетски капацитети, или проширување и надоградба на постоечките. Ќе се обезбеди едно долгорочно снабдување со електрична енергија и сигурно ќе се отвори вратата за либерализација на електроенергетскиот систем во земјава.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Најкрајната цел за преобразба на електроенергетскиот систем во Македонија би била создавање конкурентна средина во делот на производството, така што производителите би се натпреварувале еден со друг во произведување на електрична енергија со помалку трошоци, стабилни услови во секторот за пренос што ќе го осигурува снабдувањето, конкурентни услови во секторот за дистрибуција кој на крајните корисници ќе им го гарантира правото на избор, а избор во смисла на квалитетот на услугата која ќе се добива и висината на цената која ќе се плаќа.

И конечно горенаведените задачи кои стојат пред ЕСМ и Владата на Република Македонија ја претставуваат комплексноста на процесите поврзани со најголемата и најважната микроекономска реформа која сигурно и убедена сум дека ќе биде спроведена во државата, а нејзиниот успех ќе биде и успех на оваа Влада.

Заради сето ова ќе го поддржам овој предлог за донесување на предметниот закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Репликите ќе ги оставиме за утре.

Денес ја затворам сесијата, а ќе продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,00 часот).